# ВНАТРЕШЕН ПАТНИК

Списание на студентите при Филозофскиот факултет

**11**






*д-р МАРИЈА ТАШЕВА*

## *ЕТНИЧКИТЕ ГРУПИ ВО МАКЕДОНИЈА*
### *ИСТОРИСКИ КОНТЕКСТ*

**Ова е прва студија од планираната серија студии преку кои треба да се презентираат резултатите од научно-истражувачкиот проект "Социолошки аспекти на етничкото соживеење во Република Македонија", во чија реализација се вклучени повеќе научни работници од Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје.**

**Уште првото соочување со историската граѓа покажа дека постојат огромен број историски текстови кои содржат податоци за многубројни групи кои живееле и се уште живеат на просторот на Македонија, за нивните доселувања и отселувања, за нивниот економски статус, политичка партиципација, образовни карактеристики и, воопшто, за нивниот посебен културен модел.**

**Историските податоци кои се однесуваат на етничките групи, како и впрочем на сите други општествени појави, обично се сумирани на начин кој соодветствува со целите на историчарот, но кој не се вклопува сосема со замислите на социологот. Меѓутоа, компензација на овој хендикеп е нивната многубројност. Тоа овозможува правење на одредени социолошки синтези.**




*д-р ЗОРАН НАЦЕВ*

## *ДОКТРИНА*
### *ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ*
## *И*
## *СТРАТЕГИЈА*
### *НА НАЦИОНАЛНАТА ОДБРАНА*

**Потребата од посериозен и попродлабочен научно-теоретски пристап во дефинирањето на клучните поими какви што се: мир, војна, вооружена борба, интегрална безбедност, доктрина, стратегија и други е нужна и повеќекратно значајна. Овој труд се занимава токму со "расчистување" и со пошироко теоретско разгледување на поимите интегрална безбедност, доктрина, стратегија, општо за современата војна, за односот помеѓу политиката и војно-политичката положба и за демократскиот потенцијал како појдовна основа за натамошно структуирање и разјаснување на други клучни поими и сообразно на тоа, на содржинските аспекти на пристапот на Република Македонија во сферата на одбрамбеното организирање и подготвување, во глобала и во одделни сегменти.**




**ВНАТРЕШЕН ПАТНИК**
***април 1998***

**Издава:**
Сојузот на студентите при
Филозофскиот факултет -
Скопје
ул. „Крсте Мисирков“ б.б.
ж. с-ка 40100-678-39981
тел. 116-520 локал 230

**Уредништво:**
Александер Јосифоски
Оливер Бакрески
Билјана Анакиева
Светлана Аранѓеловиќ
Игор Ѓоревски

**Соработници:**
Лидија Т., Миланчо М.,
Трајче А., Катерина М.Ј.,
Соња А., Коце С., Љубица С.,
Гоце М., Рената П.,
Елена Б., Гордана А.,
Виктор Ѓ., Роберт П., Дејан Ј.,
Биљана Д. и Мануела Н.

**Техничко уредување и**
**компјутерска обработка:**
ЕИН-СОФ

**Печати:**
МНИП „Растер“ - Прилеп

**Тираж:**
1.500 примероци

*Според мислењето на*
*Министерството за култура на Р.М.*
*број 08-2765/2 од 14.04.1995, за*
*списанието Внатрешен Патник се*
*плаќа повластена даночна стапка.*

***Првиот број на списанието Внатрешен***
***Патник излезе од печат во мај 1995 г.***

**Покровител:**


# СОДРЖИНА


***ИСТОРИЈА***
Најнеискористуваниот документ за животниот и
револуционерниот пат на Тодор Александров ........ 6
***ИСТОРИЈА***
Австрија и Турција (1683-1792) ........ 9
***ПЕДАГОГИЈА***
Етиката во сферите на образованието и воспитанието ........ 10
***ДЕФЕКТОЛОГИЈА***
Инвалидот е човек ........ 11
***ДЕФЕКТОЛОГИЈА***
Ставовите на општеството кон лицата со оштетен слух ........ 12
***ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА***
Христовото симнување во пеколот ........ 14
***ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА***
Успение богородично ........ 15
***АРХЕОЛОГИЈА***
Марковите кули (Прилеп) и средновековното градителство ........ 16
***ОДБРАНА***
„Индијанец“ во служба на Американските интереси ........ 18
***ОДБРАНА***
Стар новитет, МИГ - 31 ........ 20
***ФИЛОЗОФИЈА***
Филозофијата и животот ........ 21
***РЕЛИГИЈА***
Христијанството врз база на Старогрчката култура и
филозофија или самостоен духовен подем ........ 22
***АСПЕКТИ***
Колку парите се вредни? ........ 23
***РЕПОРТАЖА***
Неапол ........ 24
***БОН ТОН***
Четирите волшебни збора ........ 28
***ФУНДАМЕНТИ***
Слобода за едукација или едукација за слобода ........ 29
***МИСТЕРИИ***
Таинствените карти од минатото ........ 30
***МИСТЕРИИ***
Град разурнат како Хирошима ........ 34
***ФУНДАМЕНТИ***
Во што е убавината на озборувањето? ........ 35
***ФУНДАМЕНТИ***
Дрогата - проблем на личноста но и на општеството ........ 36
***ФУНДАМЕНТИ***
Пороци на слабите личности ........ 37
***АСПЕКТИ***
Шифри на лагата ........ 39
***МОДА***
Разговори за модата: Хартии од (уметничка) вредност ........ 42
***ВО СЛОБОДНО ВРЕМЕ***
Топли и ладни напитоци од млеко ........ 44
***АСТРОЛОГИЈА***
Како големиот „Вечен календар“ ги толкува вашите соништа ........ 48
***КРСТОЗБОР*** ........ 50

## ШТО САКАВ ДА КАЖАМ?

Почитувани колешки и колеги,

Предавањата од летниот семестар веќе се во тек и еве излезе единаесетиот број на нашето списание „Внатрешен патник“, прв во овој семестар. Во меѓувреме заврши февруарската испитна сесија во која најголемиот дел од нашите студенти ги положија последните заостанати испити од претходната година и се стекнаа со право да ги продолжат студиите. За оние пак студенти кој во тоа не успеаја, како резултат на заедничкиот напор на Студентската организација и самите заинтересирани студенти, беше одобрена мартовска ликвидна сесија.

Мартовската сесија е во тек и се надеваме дека таа ќе биде успешна за сите студенти кои полагаат во неа. По завршувањето на напорните испити релаксација побарајте на страниците на нашето заедничко списание.

***Од уредништвото***



## Од Сојузот....

*Почитувани колеги и колешки,*

*Ве известуваме дека во првата половина на месец мај треба да се одржат "Македонските студентски игри '98". На нив ќе земат учество студенти од речиси сите факултети од двата универзитета во Македонија, кои ќе се натпреваруваат во една од спортските дисциплини: фудбал, кошарка, ракомет, стрелаштво, одбојка, пинг-понг, тенис, шах и.т.н. Како и претходните години, така и оваа година, нашиот факултет со свои екипи ќе земе активно учество на игрите. Затоа ги молиме сите колешки и колеги кои можат да се натпреваруваат во некој од горенаведените спортови и сакаат да учествуваат на игрите, да контактираат со нас поради навремено спроведување на подготовките. Контактите можат да ги остварат ако дојдат лично во просторијата на Студентската организација на Филозофски факултет или пак на телефон 116-520 локал 230.*

*За соработката однапред Ви благодариме.*

*Сојуз на студенти на*
*Филозофски факултет*

# НАЈНЕИСКОРИСТУВАНИОТ ДОКУМЕНТ ЗА животниот и револуционерниот пат на Тодор Александров

**Во домот на Александров откриени шифрите и правилникот за четите**

Колкава и каква е улогата на Тодор Александров во револуционерниот предилинденски период?

На ова прашање тешко е да се одговори со приближно точни податоци, бидејќи постојат мал број документи а и тие што ги има, во одредени прилики, се злоупотребуваат со цел да се потврдат нечии тенденциозни ставови. Ова се практикува посебно од страна на бугарските или пробугарски научни кругови, или пак, од одделни лаици.

За доосветлување на ликот на Тодор, сега па и во иднина, ќе ни помогне документот што го пронајдовме во една одамна издадена бугарска збирка на изворна граѓа. За полесно да ја проследиме содржината на документот, најпрво во кратки црти ќе ја прикажеме биографијата преку општо познати детали од неа.



Тодор Александров

**Префрлување на динамитот за солунскиот атентат**

Единствениот син од седумте деца на Александар и Марија Попорушова, Тодор Александорв е роден на 4 март 1881 година во Ново Село - Штипско. Раното "штипско" детство му било прекинато поради преместување на татко му од главен учител во штипската гимназија за учител во Радовиш. Овде, Тодор го завршува основното четиригодишно образование и првиот клас на прогимназијата. Во учебната 1893/94 година го посетувал вториот клас во прогинмазијата на штипското училиште бидејќи татко му повторно е поставен за учител во Штип. Овде ја завршува прогимназијата и потребата за дошколување го одвела во Скопје на Педагошкото училиште.

Последната учебна 1897/98 година за Тодор Александров претставува година на зрелост, бидејќи по препорака на Христо Матов, тогашен директор на скопското Педагошко училиште, се зачленил во ТМОРО.

По завршувањето на Педагошкото училиште, во 1898 година е распореден за учител во Кочани каде заедно со учителите Александар Спиров Развигоров и Григор Бурев, родум од Штип и месниот трговец од Кочани, Тодор Наков, формирале Околиски организационен комитет. Наредната учебна година е преместен во Виница.

Во 1900 година е преместен за учител во кратовската прогимназија. По кратко време станал член на МК на ТМОРО за Кратовско. По две години повторно е преместен во Кочани каде работи како учител. Учебната 1902/03 година е најважната година во предилинденскиот период од револуционерниот живот на Александров, бидејќи тогаш се случувале судбоносни моменти во развојот на неговиот революционерен дух.

Во 1902 година Тодор Александров е назанчен за раководител на МК на ТМОРО за Кочанската околина, па затоа ги знае сите легални и илегални настани што се случувале во Кочани и Кочанско. Така, на крајот од 1902 и почетокот на 1903 година Тодор му бил потребен на Павел Шатев, кој требало од Кочани и Велес да го префрли динамитот во Солун за довршување на

предвидената "атентаторска" акција. Шатев, преку куририот Геро од селото Саса му испратил писмо на Тодор во кое го известил дека му е потребен за организирано префрлување на динамитот. Тодор со Шатев се познавал од време на учителските денови во Кратово. За време на двегодишното познавање, тие се спријателите без разлика на спротиставените ставови. Од тогаш Тодор знаел дека Шатев не бил во добри односи со ТМОРО, па затоа без да биде замолен му обезбедил канал за префрлување на динамитот, а без да знаат членовите или активистите на ТМОРО. При организирањето на каналот се внимавало на начинот на кој ќе се внесува и изнесува динамитот. За да се избегне љубопитноста на народот, а особено на османлиските власти, било предвидено внесувањето и изнесувањето да се извршуваат само во четврток - пазарен ден во Кочани и да се практикува внесувањето да се спроведува најчесто преку товари сено, а изнесувањето преку пратки ориз за Велес. Акцијата почнала да тече како што било предвидено.

Во тој временски период пристигнала одлуката од Солунскиот конгрес (14-17 јануари 1903 година) за кревање сеопшто востание во Македонија. Затоа Тодор побарал од Шатев да се сретнат и да разменат мислења околу предвидените летни настани. На состанокот покрај нив присуствувале и Глигор Мансиев, учител и поранешен раководител на МК на ТМОРО за Кратово и Стоил Антов од Ќустендил, исто така поранешен кратовски раководител на Организацијата.

**Александров притворен - четите разобличени**

Еден ден во селото Оризари - Кочанско, во селската црква се сретнала предвидената четворка. Од разговорот се гледа дека Тодор бил изненаден од одлуката за кревање востание и дека двата Околиски револуционерни комитети - кочанскиот и кратовскиот - биле неподготвени. Според пресметките на Тодор, за Кочанско биле неопходни околу 4.000 пушки. Истото се однесувало и за Кратовско. Поради неподготвеност им преостанувало да подготват две поголем чети кои ќе се зафатат со подготовка на населението во споменатите околии. Стоил Андов се решил да влезе во кратовската чета, затоа што добро ги познавал приликите во Кратовско. Глигор Манасиев рекол дека на кратовската чета ќе и се приклучи по првите нејзини раздвижувања. На крајот останал Тодор во договор со кочанскиот Околиски револуционерен комитет да решат околу формирање и дејствување на кочанска чета.

По разговорот, во наредниот период Тодор се зафатил со подготвувањето на претстојното востание. Успешно ја спроведувал обврската околу организирањето на кочанската чета и како раководител на Организацијата на транзитниот центар, успешно ги префрлувал четите и оружјето потребни за одвивање на предвидените акции. Но, ден пред неговиот 22-ри роденден, на 3 март бил осомничен, а потоа затворен од страна на османлиските власти.

Затворањето на Тодор негативно се одразило врз Македонската револуционерна организација (ТМОРО) во Кочани и Кочанско, па и пошироко, бидејќи при претресот во неговиот стан биле пронајдени клучот на шифрираните пораки и правилникот со инструкциите за четите. Пронајдените податоци биле вешто искористени од страна на османлиските власти за разбивање и уништување на зацртаните чети.

Може да се согледа дека во документот се работи за Тодор Александров, дотогашен "анонимус" во македонското револуционерно движење. Ги правел првите посериозни чекори во илегалното револуционерно-политичко дејствување.

*Кочани во 1920 година*



Причините поради кои е извршен претресот не ни се познати. Но сепак, знаеме дека доскорешната теорија дека бил предаден од некои Власи и поради тоа бил затворен, се побива. Можеме само да претпоставиме дека во време на вриежи во ТМОРО и подготовките за сеопшто востание за ослободување на Македонија, а пред се´, поради активностите на големите сили па и Османлиската империја, тоа да го спречат, за да го зачуваат статусквото, државните полициски сили ја зголемиле будноста и секое сомнително движење било проверувано. Веројатно поради невнимание на дел од членовите или активистите на ТМОРО или пак на самиот Александров, ќе биде извршен споменатиот претрес во станот на Тодор Александорв, кој ќе бдие штетен по него а пред се´, за револуционерното движење во брегалничкиот регион. Пронајдените документи во станот на Александров биле од големо значење за османлиските сили. Поради тоа биле испратени и до Големото везирство.

## *ИЗБЕГНУВАНИОТ ДОКУМЕНТ ЗА АЛЕКСАНДРОВ*

*Главна инспекција на румелиските*
*вилаети до Големото везирство*

*Во град Кочани кај учителот Тодор е најдена шифрата на револуционерната организација и правилникот за четите.*

*Во живеалиштето на именуваниот Тодор, учител во град Кочани, Косовски вилает, за кој имаме податоци дека е еден од комитетските водачи, се направи претрес од специјално испратени службеници. При претресот кај него се најдени клучот и шифрата и испечатен правилник со инструкции за четите, исто и други компромитирачки материјали. На тој начин се докажа дека споменатиот Тодор е еден од комитетските водачи, поради што тој е притворен и предаден на правосудството.*

*Како Вашето Височество ќе види од тука дадениот превод на споменатиот правилник (во документите овој правилник го нема - н.з.), во секој град и секое село на румелиските вилаети има по еден комитет и по една чета.*

*За олеснување при гонењето на четите добро ќе биде преводот на споменатиот правилник да се испрати строго доверливо до воените и граѓанските службеници.*

*26 мухарем 1321 г.* — *Хусеин Хилми,*
*(11 април 1903 г.)* — *главен инспектор на румелиските вилаети*




Документот што е испратен на 11 април 1903 година од страна на Главната инспекција на Румелискиот вилает до Големото везирство, речиси претставува табу-тема за историчарите кои го проучуваат животниот и револуционерниот пат на Тодор Александров.

Останува нејасно зошто голем број историчари не го користеле овој документ во своите објавени трудови поврзани со личноста на Тодор Александров и со предилинденскиот период во Македонија. Документот го пренесуваме во целост, преведен од бугарски јазик од бугарската изворна историографија, што од своја страна го пренесува од оригинални турски документи добиени од цариградските архиви.

*Коце Стојменов*

# АВСТРИЈА И ТУРЦИЈА (1683-1792)

Во 1683 започнала војна, која имала одлучувачки карактер за иднината на Централна Европа. Турската опсада на Виена пропаднала како резултат на поразот од полските трупи. Австријците ја искористиле оваа можност да ги протераат Турците од Унгарија, кои бегале преку Дунав. Но откако Австријците се нашле на реката Дунав, нивниот апетит не спласнувал. Хабзбуршките трупи навлегле длабоко на Балканот. Сепак, императорот Леополд I морал да нареди повлекување на дел од своите трупи на Балканот заради францускиот напад на неговите западни граници. Ова придонело Австријците да бидат отфрлени преку Дунав. После повеќегодишна војна бил потпишан мир во Сремски Карловци (1699). Според овој договор, Австрија задржала поголем дел од Унгарија и Трансилванија, без Банат кој им останал на Турците.




Навистина, двете земји се наоѓале во мир меѓу себе, но не и со некои други стари непријатели. Австрија била зафатена со војната за Шпанското наследство против Франција, од која била поразена. Турција војувала против Русија многу поуспешно. Иако релативно слаба, Турција нападнала на еден од австриските сојузници, на Венеција.

Следната година, 1715, и Австрија влегла во војна. Се покажало дека војната ќе биде многу попрофитабилна за Австрија, чии трупи го преминале Дунав и навлегле на Балканот. Според мирот потпишан во Пожаревац во 1718, на Австрија и´ припаднал поголем дел од Србија, помал дел од Босна, Мала Влашка и Банат. Ова е најголемото проширување што го постигнала Австрија, се´ до после 200 години кога за време на Првата светска војна држела најголем дел од Балканот. 1718 година е исто крај за перманентното турско повлекување за сметка на Австрија и нејзиниот план за Drang Nach Osten.

Во меѓувреме, двете земји се соочувале со внатрешни проблеми од најразличен карактер. Австрија била исто активна и на меѓународен план, вклучувајќи се во војната за Полското наследство, во која била повторно поразена од Франција. По оваа војна, Русија веднаш влегла во војна со Турција, а набргу потоа и Австрија.

Австрискиот напад почнал 1736, со надеж дека ќе ги зголеми австриските владенија на Балканот. Овој пат, без успех. Соочувајќи се со пораз, Австрија ги загубила сите територии јужно од Дунав и Сава, а северно од нив и Мала Влашка. Според мирот во Белград, границата требало да оди по горните реки и Карпатите. Со мали промени, оваа граница ќе се одржи скоро 150 години.

Следните години се доста мирни на оваа граница, пред се´ благодарение на тешкотиите на династијата Хамбург. За прв пат, таа ќе се најде во ситуација да биде сменета од престолот. Марија Тереза е прва Австриска царица и за Французите тоа е доволна причина (изговор) за војна. Војната за Австриското наследство завршува со некои територијални загуби за Австрија, но со иста династија на Виенскиот трон. Прусија останува непријател број 1 за Австрија и во следната седумгодишна војна. Од друга страна, Турција поведува војна против Русија, со еднакво лоши резултати. Австрија учествува во првата поделба на Полска и во војната за Баварското наследство. Кога Русија и Турција повторно ќе се најдат во војна, во војна ќе влезе и Австрија.

Ова е последната од големите војни што Австрија ги водела со својот голем ривал, која ја почнала 1788, една година после Русија. За жал, војната не донела некои значајни промени на картата за Австрија, а воедно и избувнувањето на Француската револуција го забрзало подготвувањето на мирот од 1791 во Јаши. Во следниот век, Австрија ќе се труди повеќе со дипломатски средства, отколку со воени, да ги оствари своите претензии кон Турција.

*Трајче Арсов*

# ЕТИКАТА ВО СФЕРИТЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И ВОСПИТАНИЕТО

Во неделникот ДЕНЕС (од 15.01.1998) излезе напис (текст) ШТО Е СО ЕТИКАТА. Кога го дочитав написот разбрав дека е на мојот професор по етика, Кирил Темков. Нормално, како негов студент се решив за проширување на неговата идеја која во целост ја прифаќам и максимално ќе се залагам за нејзино остварување во рамките на воспитно-образовниот процес. Како студент на Филозофскито факултет, на групата Филозофија се определив за професијата наставник. Таа професија од личноста што ќе ја извршува бара радикални промени. Тие промени во прв план треба да се случуваат на



етичкото, моралното ниво, а потоа да се познаваат основите од психологијата и педагогијата. Етичко образование на наставничкиот кадар немало, а воспитание уште помалку. Во сегашно време, на етички терен (затоа што истиот не може да се прескокне), владее во етиката таков морал, во кој вредноста и објективноста се сведени во едно.

Ученикот што учи, се труди, се залага, е сведен на учење, кој има врски, кој препишува и кој не се срами од тоа. Во немање на јасен етички критериум кој кажува како ќе го процениме однесувањето, работата е сведена на една народна поговорка: "Покрај сувото гори и суровото". Наставникот треба да знае што сака, што може и колку може да стори со учениците. За таа цел мора да има јасни етички критериуми, според кои ќе ги негува и бодри (провоцира) особините на ученикот (пример, искреноста, трудољубивоста, праведноста и т.н.). Наставникот за да ги негува кај ученикот овие морални особини самиот треба да ги има совладано и осетено. Во склоп на етичкото образование да се надоградува психолошкото и воспитното, посебно педагошкото, кое без етичкото нема особена важност, Тоа е доменот во кој треба да се образува наставничкиот кадар. Досегашното етичко поведение екористено во неговата емпириска форма. Затоа образувањето "со етичко теориска подготовка на наставничкиот кадар" не само што е оправдано туку и нужно.

Воведувањето на предметот Етика во основните и средните училишта е оправдано. Тоа оправдание доаѓа од повеќе параметри, за кои ќе укажам во натамошното излагање.

Првиот параметар вели: Секое човечко битие се сретнува со проблемот вреднување, како на себе така и на другите лууѓе. Вториот параметар вели: Тоа го прави од практичноста на животот (поради комуникација со други луѓе). Третиот параметар вели: Моралот како категорија важи за сите луѓе (универзално).

Од параметрите што ги наведов може да се заклучи дека е опфатена категоријата ученици од страна на етичката проблематика.

Со увидување, преку теориското изучување на етичките содржини,учениците ќе изградат етички поглед на светот без кој нема интегрирање во Европските и светските институции.

Со други зборови, неисполнувајќи ги нивните стандарди не можеме да се рамниме со нив, и покрај тоа што континуирано се стремиме кон влегувањето во Европа и во нејзините институции.

*Роберт Петревски*

# ИНВАЛИДОТ Е ЧОВЕК

*"За да се сака човекот според неговите особини не е никаква вештина, но ние мораме да го сакаме и поради неговите недостатоци"*

*Гете*



Оваа мисла на Гете зборува дека човекот е човек. И покрај тоа што секој човек тежнее кон некое совршенство, мора да признаеме дека на секој понешто му "фали".

Фали, а што е тоа? Студентот си мисли: ми фали работа, стан, кола. Некој нема доволно храна, па Ромот ќе проси на Камени мост да се купи нешто да јаде. Некој нема компјутер и.т.н. Сите ние немаме нешто по кое стремиме.

Човекот е суштество тој бара, работи, мисли, чувствува, тој живее. Но како?! Јас ќе зборувам за човек-инвалид. Сите ние сме здрави денес, но (не дај Боже!) се случи сообраќајка или паднеш на улица и остануваш цел век инвалид.

Ќе зборувам за еден мој пријател. Другарот е слеп. Работи, мисли и чувствува тој е човек со недостаток на видот. Кажува "го изгубив видот по тешката сообраќајка што ја преживеав". Тој е млад човек, надежен. Самиот се снаоѓа, добро се ориентира во просторот, има свој круг на пријатели со кои се дружи и разменува искуство. За сметка на губитокот на видот добро му е развиен слухот и допирот. Тој препознава, т.е. знае со кого разговара преку бојата на гласот и тактот на одењето. Толку е пријатен за разговор - одушевува со својот интелект. Човекот работи како телефонист. Со тоа се издржува себеси и своето семејство. Работата го исполнува, му дава волја, доста е критичен и самокритичен.



Ние дефектолозите се среќаваме со многу луѓе. Секој човек е индивидуа за себеси. Тој е посебен, се разликува од другиот по тоа, што некој добро пее, некој убаво црта, некој сликовито опишува, драматизира, игра и.т.н. Секој човек има дарба за нешто во животот. Еден е мајстор за дрво - столарот, некој за вајање - вајарот, друг за масло на платно - сликарот и.т.н.

Значи, човекот е човек без разлика дали тој е слеп, глув, ментално ретардиран или телесен инвалид. И инвалидот е човек. Тој работи, има свое семејство, се радува, тагува - чувствува. Затоа помогнете на човек кога е во невоља.

Подадете рака, нека биде пријателска, упатете го кога прашува, не потсмевајте се затоа што тој чувствува.

Човек е!

*Биљана Дучевска*

# СТАВОВИТЕ НА ОПШТЕСТВОТО КОН ЛИЦАТА СО ОШТЕТЕН СЛУХ

Оштетувањето на слухот претставува пречка за воспоставување на комуникација. За да се надмине оваа бариера при контакт со лице кое има оштетен слух потребно е разбирање од општеството во кое се наоѓаат овие лица. Често, тоа е многу тешко поради брзото темпо на живот и работа.

Предрасудите дека оштетувањето на слухот е мистериозна несреќа, наследна болест или "казна од горе", за жал, се´ уште постојат во јавноста и на подрачје на вработувањето, кое е едно од важните аспекти во процесот на рехабилитација и социјална интеграција на лицата со оштетен слух.

Основен проблем на глувоста е комуникацијата и најголемите тешкотии кај овие лица произлегуваат од овој основен проблем.

Доколку работодавачот не е подготвен од страна на советникот да го прифати клиентовиот хендикеп, лицето со оштетен слух кое бара работа може да ја изгуби шансата да ја покаже својата вредност уште пред интервјуто. Тој не може да чукне на врата, а потоа да го слушне одговорот "слободно".

При испитување на ставовите кај лицата со нормален слух кон лицата со оштетен слух се добивале различни ставови, кои зависат од социјалната група на која припаѓа поединецот. Вредностите кои се пренесуваат со процесот на социјализација често се соодветни на структурата на класите. Нашата култура и цивилизација ги прифаќа само луѓето со нормален слух, додека на етикетираните во старт гледа на поинаков начин.

Врз основа на истражувања се заклучува дека социјалниот статус и ставовите кон лицата со оштетен слух зависат од: образованието, положбата на работното место и социо-економскиот статус. Позитивни ставови имале оние кои имаат повисока положба во наведените фактори, а кои ја прават суштината на социјалниот статус. Ставовите на работниците и работодавците кон лицата со оштетен слух се многу



важни за успешна итеграција во редовната работна средина.

Често и настанвиците од редовните училишта имаат негативен став кон интеграцијата на децата со оштетен слух, со што се наметнува потребата од вклучување на дефектолог, кој индивидуално ќе работи со овие деца. Позитивните ставови на општеството кон лицата со оштетен слух вклучуваат елемент на потценување. Кај родителите тоа се изразува во форма на претерана заштита. Воспитувањето во семејството ја прави основата на која подоцна училиштето и општеството се надоградуваат. Со текот на времето, влијанието на родителите постепено се намалува - најпрво го презема училиштето и врсниците, подоцна општеството, додека детето целосно не се осамостои.

Односот на поединецот и општеството се одвива во процесот на неговото прилагодување во средината во која живее. Тоа прилагодување не е пасивен процес, во кој поединецот ќе биде обична "глина" во калапите на средината, туку во тој процес еднакво се обидува да го менува општеството во склад со своите потреби и права.

Негативниот став на општеството може пресудно да влијае на лицето со оштетен слух, кое ќе изгуби доверба во себе и ќе се откаже од рехабилитација.



Дефектологијата има многу повеќе успех во санирање на последиците од оштетување на слухот отколку во создавање поволна атмосфера во "здравото општество". Пред се´, мора упорно да се руши општествената психолошка бариера меѓу двата света: "Светот на хендикепирани" и "Светот на нормални". Објективно, таа граница не е толку цврста како што изгледа. Аверзијата на здравите кон "хендикепираните" луѓе дејствува обесхрабрувачки. На процесот на рехабилитација и професионално оспособување на лицата со оштетен слух негативно влијаат многу работи, но ништо не е толку тешко како одбивниот став на средината. Доколку општеството има тенденција да гради позитивен однос кон лицата со оштетен слух, тогаш тие воопшто нема да бидат хендикепирани. Општеството ќе биде задоволно, а со самото тоа и поединецот - лицето со оштетен слух кое сака да покаже што може. Тогаш животот вреден за живеење ќе биде пред нив.

Здравите луѓе не треба да заборават дека линијата која ги дели од инвалидите не е непроменлива. Денес здрави и способни за живот и работа, утре лесно можеме да се соочиме со тешки животни ситуации поради старост, болест, несреќа.

Никој нема право луѓето со оштетен слух низ целиот свет да ги спречи во можноста да растат и да се развиваат, учат и создаваат, живеат и работат како и другите луѓе, врз основа на способностите кои ги имаат.

*Соња Андоновска*

*Циклус: „Велики празници“*



*Христово симнување во пеколот - Црква Богородица Перивлепта, Св. Климент, почеток на XIV век, Охрид*

Христос е централно поставен и е впишан во мандорла. Под неговите нозе е портата Адска, која е скршена. Има форма на крст. Во неа има претстава на демон. Над Христос лево и десно има ангели. Едниот во рацете го држи крстот чија моќ ја крши Адската порта. Другиот ги има инструментите со кои Христос бил мачен. На некои композиции не се прикажани овие претстави и тогаш крстот е во рацете на Христос.

Во најштурата композиција ги има Адам и Ева на кои Христос им подава рака, во отворени саркофази. Или се насликани симетрични во однос на Христос.

Сцената може да биде проширена и со други случки.

Најлесно се препознаваат фигурите со царски круни. Тоа се Давид и Соломон. Пастирскиот стап на Авел, синот на Адам и Ева, кој неправедно се нашол во пеколот. Планот за неговат смрт го скроил неговиот брат Каин.

Јован Крстител е прикажан со животинско крзно од камила и дава пример на животопустино анахоретство, облечен во хитон со анархична коса.

Последен што треба да е изваден од адот е Јован Претеча.

*Љубица Силјановска*

# ХРИСТОВОТО СИМНУВАЊЕ ВО ПЕКОЛОТ

На прикажаната композиција се забележуваат најубавите особини на овој стил од раниот XIV век, кој брзо се ширел помеѓу уметниците на Балканот. Ѕвонливиот колорит, чистите бои нанесени со тенка четка и сигурниот цртеж на човечките тела во движење се особини со кои оваа икона се истакнува како ремек дело на т.н. класична уметност од почетокот на XIV век. Изработена е од грчки сликар, кјој работел во Охрид, со техника темпера на дрво и со димензии 46.5x38.5 см. во црквата Света Богородица Перивлепта - Свети Климент

*Циклус: „Велики празници“*



*Успение Богородичино - Црква Богородица Перивлепта, Св. Климент, Охрид*

# УСПЕНИЕ БОГОРОДИЧИНО

Прикажаната композиција е насликана во црквата Света Богородица Перивлепта - Свети Климент во Охрид

Претставена е посмртната постела на Богородица. Над неа е претставен исус во мандорла. Во рацете држи повиено бебе, тоа е ликовно претставување на поимот душа. Во овој случај, тоа е душата на Богородица.

Јован Дамаскин во IX век го напишал II Канон за Успението Богородичино, според кој таа на небото се вознесува и со тело и со душа, Тој канон дава основа за големо расчленување на оваа композиција.

Во мандорлата на исус има ангели, а ноколу апостоли. Павле е крај главата на Богородица, а Петар крај нејзините нозе.

Може да има насликано и низа епизоди, например, доаѓање на апостолите, носени од облаците.

*Љубица Силјановска*

# МАРКОВИТЕ КУЛИ (ПРИЛЕП) И СРЕДНОВЕКОВНОТО ГРАДИТЕЛСТВО



Планинскиот масив кој се наоѓа на околу 5 км северозападно од центарот на денешен Прилеп и го носи легендарното име на крал Марко, претставува вистинска реткост во однос на својата комплексност. Од една страна, специфичните форми на релјефот, создадени со оладувањето на магмата исфрлена на површината пред околу 1 милијарда години и последователното механичко дејство на природните фактори) довеле до ставање на комплексот под заштита на законот како споменик на природата и негово се´ почесто спомнување во контекст на Списокот на светското наследство на УНЕСКО. Од друга страна, конфигурацијата на теренот уште во дамнешни времиња му понудила на човекот извонредни услови за засолништа и со тек на времето е добиена совршената интеграција на градителите и природата, чии сведоци се луѓето на XX век.

Без навлегување во сведочењата за постоење на траги од живот во претходните периоди на просторот на Марковите кули, на ова место би се задржале врз маркантните остатоци од Средниот век и нивниот развој, кој отпочнува по периодот на "технички застој" (VII-X век). Во овој период се уште се одвиваат процесите на асимилација, адаптација и акултурација на Словените, од современите науки детерминирани како **взаемно проникнување** и формирање на историска свест во рамките на Самоиловата држава (при крајот на X и почетокот на XI век).

Токму во овој период се сместуваат и првите пишани сведоштва за тврдината Прилеп, сигилионите на Василиј II од 1018 година го спомнуваат Прилапос, а во "Кратката историја" на Јован Скилица се зборува за војувањета на Самоил со Василиј II, поразот на Беласица и срцевиот удар во "фрурион Прилапон".

Следните векови (XII, XIII) се исполнети со вести за бурното опстојување на градот-тврдина, се до крајот на XIV век. По смртта на кралот Марко (1395), тврдината постепено запустува и замира, и како таква ја среќаваме во записите на подоцнежните патеписци и авантуристи (Хаџи-Калфа, Евлија Челебија, доктор Браун, Анри Пуквил, Ами Буе, археологот Миљуков и др).

Карпестиот масив го карактеризира добра геостратешка положба и висина од 120-180 метри, со можност за контрола на североисточниот дел на Пелагонија. Во горниот дел завршува со четири врвови /Чардак (1), Крупник (2), Гребник (3), Тапанче (4)/, меѓу кои има длабоко седло /Среде-кули (5)/ со мек пад. Од јужната страна на Гребник и Тапанче се наоѓа еден доста голем простор /Рамниште (6)/, со благ пад од јужната и источната страна. Околу овие репери се развил комплексот од населбински и тврдински делови, при што просторниот развој на тврдината се одвивал во 3 фази и одел кон опфаќање на четирите вр-

вови со ѕид, а заради користењето на големите карпи во склоп на ѕидот, линијата на одѕидието е доста испрекината.

Во првата фаза бил избран врвот Чардак како највисок (952 м) и со ѕид оградeн неговиот северозападен дел, а внатрешноста на овој простор поделена на неколку сектори со помали ѕидови. Идентификувани се неколку градби, како цистерна за вода, влезни порти, згради за живеење и сл. Едната од нив (поставена на доминантно високо место) можеби служела и како седиште на власт и дом на велможи, особено што на фасадата се откриени траги од фин малтер и остатоци од свод со кој било покриено приземјето.

Во следната фаза е изградено обѕидието кое ги поврзува останатите три врвови со Чардак. Потребата за целосно контролирање на Пелагонија, и од исток и од југ, го наметнала овој чекор. Според откопаните градби (цистерна за вода, остатоци од калдрмисан пат, темели на живеалишна зграда со повеќе простории и репрезентативна функција, влезни порти и др.) се заклучува за воено-населбинскиот карактер на овој простор, при што комплексот од првата фаза се претворил во највисок и најукрепен дел - акропол, каде најверојатно бил и дворецот на Димитрија Волкашин и Марко во XIV век.

Третата фаза е оградување на Рамниште со послаб предѕид кој се шири и кон исток, со што го опфаќа и делот од подножјето на Маркови Кули. Обѕидието во овој случај се протега по должината на стрмните карпи и е често испрекинато и прекршено, затворајќи процепи меѓу карпите. Овој простор бил наменет за населението во услови на напади и други непогоди, зашто бил под директна заштита на тврдината, односно служел како збег.

Сите објекти од претходно наведените фази се градени од ка-




*Тврдината Маркови Кули. План според Ј.Роспендовски, 1981 год.*

мен, поврзан со варовен малтер. Од пресеците на ѕидовите во многу случаи се согледува начинот на ѕидање, кој е еднаков во целата дебелина на ѕидот (некаде наречен и opus irregulare). Вообичаениот opus emplekton од доцноантичките ѕидови не е согледан. Употребениот варовен малтер е груб, освен во репрезентативните градби каде се употребуваат фини малтери, и во цистерните, каде е користен хидростатниот, односно хоросан малтер (во некои случаи песокот е целосно заменет со толчени тули и керамиди).

Друга градежна карактеристика која побудува интерес се дрвените конструкции, кои за жал не се сочувани поради слабата трајност на дрвото, но за нив знаеме од деталните проучувања. Траги од нивно постоење се сочувале во обѕидијата, во ѕидовите на објектите и во остатоците од меѓукатни дрвени конструкции.

Во првите два случаи се работи за систем на хоризонтално поставени греди од двете страни на ѕидот, меѓусебно поврзани со попречни гредички, наречен скара (турски - сантрач). Гредите се без кора, излупени и втопени во варов малтер заради изолација на дрвото. Овој систем се повторува на одредена висина во ѕидот, а се користел заради зајакнување на стабилноста. Во третиот случај, повторно се користи вид скара, но посебно зајакната со варовен малтер, а ако се работи за таванска конструкција со поголеми димензии, носивните греди се потпираат врз дрвен столб-потпирач, вглавен во дупка издлабена во подот.

При истражувањата во определени пунктови се откриени и остатоци од горетини и дрвен јаглен, кои се поврзуваат со постоењето на хипотетичните одбрамбени кули, како одлика на словенското градителство, кое долго време е во колизија со затекнатите принципи на подигање градби од камен. Тие традиции на дрвеното градежништво кои Словените ги донесуваат со своето доаѓање, полека се истиснуваат во периодот на XII-XIII век, кога и меѓу нив преовладуваат начелата на монументалната архитектура.

*Дејан Јованоски*

## Крстаречки ракетен систем ТОМАХАВК

# "ИНДИЈАНЕЦ" ВО СЛУЖБА НА АМЕРИКАНСКИТЕ ИНТЕРЕСИ



Сл. 1

Сведоци сме дека последните години со актуелизирање на бројни воено-политички судири и конфликти, пред се од ограничен интензитет, но од мултибезбедносно и активно политичко значење, светската јавност индиректно беше запознаена и вознемирена од аферите заканите на одредени типови на ракетни воени системи. Да си споменеме на Заливската војна, Кипарската криза и редица други, кои беа предизвикани или директно поддржани со некои од овие апокалиптични направи. Имено, во текстов ќе го претставиме доста актуелниот, за кој често се има слушано, но малку се знае, К.Р.С. ТОМАХАВК.

По иницијатива на Воената Морнарица на Армијата на САД во 1974 година е активиран проект за конструирање, а подоцна и операционализација, на самонаведуван крстосувачки ракетен систем, во две верзии, стратегиска и тактичка, врз принцип на крилест ракетен проектил. Набргу кон проектот се вклучуваат воздухопловната и копнената воена компонента на Армијата на САД, истиот е реализиран во текот на 1978 година. Крстосувачката крилеста ракета носи службена ознака БГМ-109 и популарно е наречена ТОМАХАВК (индијанска воена секира) и е производ на фирмата РАЈТОН КОРПОРЕЈШН, сектор Дефенс системс, Туксон, Аризона во САД. Инаку, оваа ракета е наменета за атак и уништување врз цели на копно и море, а може да се лансира од:

- копно, верзија ГЛЦМ, се истрелува од мобилен лансер, т.е. контејнер со 4 ракети кој е монтиран на приколка прикачена на теренско товарно возило со голема моќ;

- воздух, верзија АЛЦМ, се истрелува од летала со поголеми димензии и посилна погонска моќ, пред се, бомбардерите Б-52, Б-1, невидливиот Б-2, како и некои ловци бомбардери;

- вода, верзија СЛЦМ, се истрелуваат од воени бродови од типот на носачи на авиони, крстосувачи и разорувачи;

- под вода, се истрелуваат под морската површина од напаѓачки нуклеарни подморници вооружени со крилести ракети, операцијата се изведува на длабочина 30-50 метри, со нив се опремени подморниците од класата ЛОС АНЦЕЛЕС и СИ ВОЛФ. Пловните објекти кои го поседуваат овој систем користат уред за контрола на огнот СВГ-3.

Крстосувачките крилести ракети ТОМАХАВК, покрај споменатите верзии што се разликуваат врз основа на сферата на оперативност и активирање (копнена, воздухопловна и морнаричка верзија) имаат и неколку подваријанти, кај кои разликата следи од нивната намена и тоа: ТОМАХАВК ТЛАМ-Н, стратегиска варијанта, наменета за дејство врз стратегиски цели во длабочина на непријателската териротија, со долет од 2500 км и нуклеарна (до 200 КТ) или конвенционална боева глава; ТЛАМ-Ц, тактичка варијанта со домет до 1300 км и боева глава со 454 килограми високобризантен експлозив, и ТАСМ варијанта, наменета за уништување на цели на море

со долет од 460 км и конвенционална боева глава од 454 килограми.

Проектилот конструкциски претставува моноплан на чија средина се наоѓаат крила, на задниот дел се вкрстени управувачки аеродинамички површини, а во задниот долен дел се наоѓа всисувач за воздух за погонската група. Структурно ракетата интегрира три основни делови, и тоа: боева глава (нуклеарна или конвенционална), систем за наведување и погонска група. Системот за наведување на стратегиската верзија е инерцијално и ТЕРКОМ водење, т.е. ракетата по лансирањето лета по програмираната патека со помош на инерцијално водење, при што во текот на летот извршува корекција на својата патека со посредство на системот на водење по релјефна конфигурација ТЕРКОМ, кај кој податоците добиени со помош на ласерски и радио-висиномерски подсистем за структурата на теренот над кој лета ТОМАХАВК-от се споредуваат со претходно меморираните во сметачот на ракетата, додека кај тактичката и противбродската верзија применето е инерцијално водење и активно радарско самонаведување. Погонската група ја сочинува двоструен млазен мотор Ф 107-ВР-400 и стартен ракетен мотор на цврсто гориво. Ракетата од типот ТОМАХАВК е долга 6,4 метри, со пречник од 0,53 метри, распон на крилата 2,61 метар и маса 1,2-1,4 тони (зависно од видот), брзина 0,7 маха (860 км на час) и оперативна висина на лет 15 до 100 метри.



*Сл. 2*

Нивна посебна одлика е малата радарска одразна опвршина и минимална визуелна и инфрацрвена уочливост, исто така високо е оценета а и практично потврдена прецизноста на БМГ-109 системот, при што неговото отстапување се движи во опсег од само неколку метри. Овој проектил се наоѓа во оперативна употреба единствено во Армијата на САД, при што цената на чинење на една ракета изнесува над 600.000 долари. Од произнесеново согледуваме дека не станува збор за фамозно нов и евтин ракетен систем, но слободно можеме да потенцираме на неговата висока ефикасност и точност, што се докажа во Заливската војна (1991 година), кога на ирачките стратегиски локации и објекти им беа нанесени бројни темелни деструктивни удари без употреба и изложување на опасност на сопствените човечки и технички воени потенцијали од страна на сојузниците, а пред се, САД.




*Сл. 3*

*Виктор Ѓорѓиевски*

# СТАР НОВИТЕТ МИГ-31

МИГ-31 е работен на база на МИГ-25 и од него се разликува во основа по новата електронска опрема. Првенствено е наменет за борба против американскиот суперсоничен бомбардер В-1, чии борбени мисии се проектирани за мали височини. Посадата се состои од пилот во првата кабина и радист, кој има и улога на стрелец во втората кабина.

Во носот на авинот се наоѓа неподвижна рамна антена, т.н. Fasedray радар заслон (NATO кодно име Flashdance) со пречник од 1,1 м. Дометот на радарот е 300 км, а зоната на осматрање и гаѓање по азимут ±60 степени, а по елевација од +70 до -60 степени (сл. 2). Тактиката на дејство се базира на групна работа со четири авиони кои истовремено го осматраат просторот со широчина 800-900 км (200 км по длабина) и симултано делува по целите. На тој начин делумно е покриена улогата која на запад ја има AVACS, со дополнителна можност за делување по целите и нивно уништување (сл. 3).

Во зависност од брзината, траењето на летот може да биде 3,5 часа со помошни резервоари, односно 6-7 часа со дополнување во воздухот. Радиусот на дејство му е 720 км при брзина од М 2.35, 1400 км при М 0.85, односно 2200 км со дополнување на гориво во воздух.

Во основната варијанта наоружан е со 4 радарски водени проектили АА-9 (NATO ознака Amos), за борба на големи далечини (преку 200 км), 2 IC водени проектили АА-4 (Akrid) за средно растојание 80 км и 4 IR водени проектили АА-8 (AFID) за блиска борба. Шестоцевен топ CS-6-23 со калибар 23 мм со 260 гранати вграден во трупот.

Максималната полетна тежина му е 41.000 кг, односно 46.200 кг со помошни резервоари, додека должината на полетната писта е 1200 м, а на слетната 800 м. Го подвижуваат два мотори D-30 FG со максимален потисок од 91 kN, односно 186 kN во форсажа.

Радарот на МИГ-31 заслон SBI-16 спрема руските податоци ги има следните можности:

Импулсен доплер радар со можност за откривање и гаѓање на



цели кои летаат под радарот (Look down/Shoot down Capability)

Антена за електронско скенирање со пречник од 1,1 м

Скенирање (пребарување на просторот) во опсег од ±60 степени и -60 до +70 степени по елевација (слика 2)

Многу голема емисиона снага, неколку пати поголема од соодветните западни радари

Откривање на целите на далечина од 300 км

Истовремено може да следи 10 цели, а симултано да гаѓа 4

Отпорен е на попречување (ECCM - Electronic Counter Counter Measures)

Можност за синхронизирана (групна) работа со уште три авиони и со станиците на земјата (меѓусебна размена на податоците за откриените цели, слика 3)

Мноштво од најсовремените ловечки авини се повеќенаменски и поради тоа се опремени со импулсен доплер повеќенаменски радар, кој може да:

Пребарува воздушниот простор пред авионот откривајќи ги целите

Бира според степенот на важност или опасност, одреден број цели и ги следи, постојано покажувајќи го потребниот број на информации на радарски екран или HUD системот (Head Up Display)

Дава елементи за гаѓање со топовите и ракетите

Ја "осветлува" целта за гаѓање со ракети воздух-воздух со полуактивно радарско самонаведување

Го мапираат теренот во услови на лоша видливост

Му овозможува лет на авионот на мали висини во сите услови со корисно и ефикасно совладување на сите пречки

Откриваат и даваат елементи за гаѓање на цели на копно и море, со бомби и ракети воздух-земја и сл.

Од наведеното се забележува дека барањата што треба да ги исполнуваат современите борбени авиони се големи. Од нив се бара да имаат високи маневарски способности и повеќе функционалност. Тоа се барања кои треба да ги исполнуваат авионите на IV генерација. Миг - 31 поседува некои од тие барања.

*Игор Ѓорески*

# Филозофијата и животот

Колку зборовите во насловот на текстот стојат во некаков однос и, ако стојат, кој е?

Животот е пообемен и ги опфаќа животите на сите филозофи. Од друга страна, пак, филозофијата ги опфаќа сите учења на филозофите. Дали животот на филозофот (неговиот начин) влијае врз неговото филозофско учење? Може ли да се зборува за обратно од претходното прашање? Дали филозофијата преку филозофското учење на филозофот влијае врз животот на луѓето?

Прашањата го формулираат проблемот, одговорот треба да се најде, се разбира, ако е проблем. Ние (јас) се обидовме во овој текст позитивно да одговориме.

Животот на сите луѓе е нешто свето, нешто за кое човекот се грижи не по своја волја. Така е предодреден. Мора да се соочи со егзистенцијата. За да опстане човекот е подложен на низа активности. Покрај темпераментот, тој формира карактер. Карактерот е гаранција за начинот на кој ќе ги извршува активностите, а темпераментот ни зборува за тоа како и со каков интензитет ги извршува.

Ако ја прифатиме тезата: "Животот на филозофот влијае врз учењето на филозофот", дали таа ќе ја постигне својата универзалност (да важи за сите филозофи). Историјата не учи поинаку. Начинот на кој живее филозофот не е во тесна врска со неговиот живот. Најблиску до одговорот на ова прашање е самиот Маркс. Тој вели дека вистинскиот човек може да се види само надвор од процесот на производството.

Сократ го напуштил татковиот занает и се посветил на филозофијата. Цел живот се занимавал со неа. Така егзистирал филозофирајќи по масите на богатите на газбите што ги организирале. Додека материјалниот живот на Маркс бил во целост финансиран од неговиот интимен пријател и соработник Енгелс.

Хегел бил пратеник на пруската монархија.

Од овие примери се гледа дека во голема мера одредени учења се поткрепувани со материјалниот мотив. Може да се каже дека животот на филозофот во одредена мера и ја определува неговата филозофија. Дали Сократ, ако се занимавал со занаетот на татко му, ќе се посветел на филозофијата, во таа мера во која се посветил напуштајќи го татковиот занает. Сигурно дека не. Ќе морал да заработи за лебот, но на некој поинаков начин. Што ќе правиме со тврдењето ако е точно дека "Маркс бил најмен да пишува револуционерни текстови и дека Маркс е друугото име, а не она што го носел од детството". Тогаш се оправдува одговорот на прашањето "Влијае ли филозофијата врз животот?"



Може да се каже дека не само што филозофијата влијае, туку таа и радикално (коренито) го менува животот. Она што денес е вредност, утре не е. Човекот се става во улога на управувач на природата. Тој господари со неа.

Системот продукт на Марксовото учење пропадна во неговата практична варијанта, а остана само нејзиниот идеал. Животот на филозофот во голема мерка е определен од карактерот на филозофот.

Поради своето филозофско учење Италијанецот Џордано Бруно предвреме го заврши животот, токму поради тоа што не сакаше да го промени своето филозофско учење. Иста судбина го снајде и Сократ. Тој во име на законите ја испи чашата отров иако можеше да се спаси, дури и ги присилили пријателите да не го тераат на бегство.

Во прв ред, филозофијата како да е подредена на животот, а во втор ред, таа го подредила. После секое филозофско учење настануваат круцијални промени, во погледот и сфаќањата на светот и животот.

*Роберт Петревски*

# ХРИСТИЈАНСТВОТО ВРЗ БАЗА НА СТАРОГРЧКАТА КУЛТУРА И ФИЛОЗОФИЈА ИЛИ САМОСТОЕН ДУХОВЕН ПОДЕМ

*"Да се постигне разумност (логикос) потребно е да се достигне највисок степен на духовна чистота и нетрулеж"*

*Свети Григориј Синаит*

Божјата философија, Божја мудрост (*Софија*) - како што велат отците духовници - е најкорисна и најголема од сите науки.

Издиференцираните политичко-религиозни механизми и се начело на веќе развиената философија во Византија, како предхристијанство и христијанство. Политичката база на најголемиот конгломерат држава е всушност взаемниот интерактивен однос со религијата.



330 години од раѓањето Христово, како прв што доаѓа на власт, христијански и византиски цар е Константин Велики.

Според теолозите - да се постигне *катарсис*, соединување со Бога и духовно просветление философијата се користи како еден вид духовна вежба, внатрешно мирување.

Комплексните грешки на останатите религии можеби се инстант-резултат на "покорност" - идеја на муслиманскиот ислам, "страдање" - хинду и др. Додека "љубовта кон Бога и луѓето" и философијата е љубов кон мудроста се основа на христијанското учење - Јован Дамаскин (675-749, шест дефиниции за философија од "Изворот на знаењето").

Во 14 век браќата Ксантопулос даваат одредница на философ: "Оној кој секој миг е на штрек, внимава на деталите, анализира преку пристап на духовен мир со цел да се избркаат страдањата".

Но сепак, да се придобие и да се прифати световната философија то-ест учењата како платонизам и аристотелизам треба да се премине на прашањето: Дали влијае ваквиот тип на учење поволно или на штета на христијанството?

Сепак, скапоценостите како беседите, драмите, историските дела, класичните песни се само чекор повеќе кон Бога и конечното спасение.

Платон со цитат од "Држава": "Постепено треба да се вивнеме до степенот на разбирање на сите вистини".

Значи желба да се апстинира од световната философија и наука според светите Отци не е неопходна туку егзистенцијално прашање за Божјата реч и усмерувањето на смртничките дни кон подготовка за вечниот живот после земскиот.

Византискиот систем кој естетски бил слаб според естетичарите, додека одредени проповедници како Михелис кој бил теоретичар по архитектура во Атина вели дека естетизмот не е мана на Византискиот свет, овде нема дефицит на култура и философски строежи.

Разум, волја и знаење се имплементарен спознател на нештата земски и се придодава на световниот научен систем (или тој се додава кон душата) за да се ублажи Логосот и да отиде до бескрајна мудрост.

Условеноста да се прифати еден флуид од движењата грчките свети Отци го релативизираат односот вонцрквени, веќе отскриени (и колку-толку прифатени) вредности и духовниот двигател - *катарсис* (вовед во пречистување и Божје просветление на душата) во христијанскиот еклектизам. Противречностите да се избегнат преку финализирање на мислата, сознајбите и "надворешната" философија.

Од сиве изнесени факти и проучени световни и духовни идеи за микстурата на старогрчката философија и христијанството на Византискиот свет се согледува не негативниот философски трансфер, туку став на поволност меѓу овие две гранки и позитивната улога на научната мисла.

*Гоце Марков - Елиот*

# КОЛКУ ПАРИТЕ СЕ ВРЕДНИ?




Без разлика дали сме екстравагантни или скромни, секој од нас има барем трошка "парично лудило" во себе. По многу кажувања луѓето трошејќи ги парите купуваат и задоволство - не само она што навистина им треба, туку многу повеќе трошат на она, што психички им треба. Тоа е вистинската магија на паричната моќ што секој од нас го симболизира на она што најмногу го сакаме.

Голем број луѓе се движат во маѓепсаниот круг за пари, да заработат - потрошат, потрошат - заработат. Зошто си дозволуваме да купуваме прескапа гардероба која не ни е неопходна, а со месеци користиме еден парфем за да заштедиме малку? И зошто со денови се храниме со ефтина улична храна за да би отишле на специјален ручек или во луксузен ресторан? Кога тие издатоци ќе ги собереме, ќе дојдеме до цифри, кои не´доведуваат до секојдневни обични домашни оброци. Зошто толку страст во ценкањето на пазар и зошто нашето задоволство е толку големо кога нешто ќе се купи под цената. Што не тера и понатаму да претураме по тезгите со ефтина стока иако имаме доволно пари за во некој скап бутик. Од каде ни е воопшто потребно да изигруваме Дедо Мраз преку целата година за себе, а уште пострашно, и за другите да даваме скапи поклони, а сепак, читаме туѓи весници за да не потрошиме свои пари. Како да се објасни кога некој ќе постигне поголем финансиски успех и понатаму смета дека може да заработи и повеќе? Зошто многу од богатите и понатаму настојуваат да живеат со економија без сентименталност и скратуваат некои свои основни работи? Сфатливи се радоста и трошењето пари, но не и задоволството кое се наоѓа во "цицијаштвото". Бидејќи тоа може да оди до тие граници, што може да чини многу повеќе отколку што чинат парите.

Па затоа можеби парите ги расипуваат луѓето, но сигурно е дека за пари не може да се купи ни пријателство ни љубов.

*Лидија Тасева*



# НЕАПОЛ

Патувајќи по автопатот "На сонцето" од Рим, после 220 поминати километри се пристигнува во главниот град на италијанската покраина Кампанија - Неапол. На околу 10 метри надморска височина, сместен на брегот од истоимениот залив на Тиренското море, градот има околу 1.200.000 жители.



Подрачјето на Неапол било населено уште во VIII век п.н.е., кога сите други подрачја биле под власт на грчките колонии. Во тој период градот бил поделен на два дела: стар дел, кој бил наречен Палаиополис, и новиот дел - Неаполис. После неколку векови во историјата останало само името Неаполис или Неапол. За време на римското владеење градот имал околу 30.000 жители и бил еден од најбогатите и најпосетени римски градови. Многу римски цареви и познати уметници доаѓале во Неапол на одмор и летување и од тоа време останале многу споменици. Од VI до VIII век градот бил под власт на Византијците. Од половината на XI век се´ до половината на XII век со Неапол владееле Лангобардите, а потоа власта ја презеле Норманите. Во следните два века владееле Анжувинците, потоа Французите и Шпанците, се´ до половината на XVIII век, а по нив, Бурбоните. Во тој период на реформи биле изградени убави и значајни градби. Во 1806 година Неапол бил прогласен за република, но со помош на Австрија Бурбоните уште еднаш дошле на власт, се´ до 1860 година, кога градот конечно влегол во составот на Италијанското кралство.

Денес Неапол е големо медитеранско пристаниште, кое бродските патнички и товарни линии ги сврзува со сите мориња во светот. Поморството е традиција на овој град и едно од најзначајните дејности. Во градот е развиена бродоградбата, преработката на вино, металуршката, текстилната индустрија и.т.н. Неапол е прочуен по својата извонредна природна положба, по својата клима и секогаш ведрото и сончево небо. Многубројните градови, потонати во зеленило и плантажите со портокали, кои се простираат по должината на Неаполската ривиера се´ до Соренто и светски познатиот туристички центар - малиот остров Капри, кој потонал во бујна вегетација, ги посетуваат туристи од целиот свет. На околу 20 км оддалеченост над Неапол се издигнува вулканот Везув, висок 1223 метри, од чиј врв и денес се појавува отровна пареа и гасови. Покрај тоа



што се´ уште е жив вулкан, тој е магнетно привлечен објект за многу туристи од целиот свет. Во подножјето на Везув се наоѓаат прочуените археолошки ископини на римските градови Помпеја и Херкуланум. Лавата при ерупцијата на вулканот во 79 од новата ера и под рушевините на овие два големи градови од римскиот период сочувала многу сведоштва од тогашниот живот.

Разгледот на Неапол започнува со најголемиот и најважниот археолошки музеј во Европа - Националниот музеј, сместен во палатата која била градена во XVI век. Внатрешноста со статуите од грчко-римскиот период била исполнета со делата на старогрчките скулптори Фидиј и Поликлет, настанати во V век п.н.е. Галеријата на императорот содржи статуи од царевите на Каракала и други, а во средишниот се наоѓа прочуената статуа на слепиот Хомер. Во составот на музејот се наоѓаат бројни предмети од старата египетска уметност, мозаици, дела од керамика и други предмети.

Една од најбогатите галерии со слики во Италија е Националната галерија Капо ди Монте. Покрај најдобрите сликари на Ренесансата како Белини, Ботиели, Пармиџани, Масолини, Тицијан и други, во рамките на Кралскиот музеј се наоѓаат и делата на претставниците на неаполската школа - Кавалино, Ланфранко, Прети и други. Во музејот се наоѓаат уште неколку збирки стакло, порцелан, стари пари, медали, мали статуи од времето на Ренесансата како и колекција слики на италијанските мајстори на XIX век.

При разгледувањето на градот се наидува и на еден од најзначајните аквариуми во Европа, кој содржи неколку илјади примероци на богатата флора и фауна од Средоземното море.

Најбогатиот и најзначајниот археолошки музеј во Европа и светот и театарот Сан Карло. Изграден во 1737 година, обновен во 1816 година, по миланската Скала театарот е најпознатата оперска куќа во Италија и Европа. Исто така, театарот има најакустична сала во светот.

Во близина на плоштадот Данте величествено се издигнува црквата Света Клара, изградена во готски стил. Почетокот на градбата датира од 1310 година. Во неа се наоѓа прочуената гробница на кралот Роберто, која претставува мајсторско дело на фирентинските скулптори, како и многу вредни фрески, дело на сликарите од школата на Ѓото. Подоцна црквата е реновирана во стил на барокот. Оваа година, на проигодна свеченост во црквата, претседателот на Република Македонија Киро Глигоров со високи почести ја доби Медитеранската награда за мир.

Покрај извонредно богатите предели во Неапол постојат и предели со стари куќи во кои царува невработеноста и сиромаштијата. Главна карактеристика на градот се огромните градски квартови со тесни улици кои секогаш се полни со гласни трговци и пејачи. Покрај тоа што е поим на посебна атмосфера и амбиент, потоа и колевка за прочуената песна "Белканто", Неапол со својата величествена панорама претставува единствено доживува-



ње за туристите. Во познатата изрека "Да го видиш Неапол и да умреш" содржан е дел од вистината за богатството и привлечноста на овој град.

*Ренаѿа Пеѿељуѓоска*

## Л.К. „РЕФЛЕКСИЈА"

1997-мо Божјо лето, т.е. зима.
Место: С.Н. "Стив Наумов"
Актери: Неафирмирани студенти
Настан: формирање литературно-поетски клуб

На 13. 11. 1997 година во студентскиот град "Стив Наумов" се зачна идеја која израсна во убав сон за да на крајот резултира со л.к. "Рефлексија". Овој поетско-литературен конгломерат од стилови и пристапи го подржува(ше) Советот на станари на с.н. "Стив Наумов.

Литературната дружина брои (засега) 23 члена, студенти од различни факултети. Долго нека ни струи во вените и очите духовната Рефлексија.

*Претседател*
*координатор*
*Гоце Марков - Елиот*

◆

**ЈАС ИЛИ ТИ**

Гласови извираат од длабочина
Јас или Ти
Ти или Јас
гласови толку тивки,
на непребол,
Пријатели,
дојдете придржете ги аглите
на моево празно тело.

Јас или Ти
Ти или Јас
седно, гласови извираат
а јас не мислам повеќе
од тоа Јас и од тоа Ти
со единствен страв
дека тоа е гласот
на моето Его!

*Гордана Цветковска*

◆

**ОСАМЕНА**

Врне надвор.
Тоа ме онеспокојува.
Мислите ми летаат
Онаму кај што не треба
Онаму кај што сакам да сум
онаму со кого би сакала да бидам.
Постојано се обидувам да не мислам,
но што можам.
Она што е во мене е посилно
од тоа што јас сум.

*Мануела Накова*

◆

**АВТОЦЕНЗУРА**

Се вовлекува поткожно
потсвесно и неосетно.
Ти кажува како
не смееш да мислиш
ти кажува како
не смееш да пишуваш.
Мислиш дека имаш слобода
а сам си ја ограничуваш
заради страв или срам.
Ако треба цензура
други нека цензурираат.
Ни јас не сум имун
на ова Зло!

*Александар Блажевски*




# БИФЕ РЕСТОРАНТ

ЛОЦИРАНО ВО ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ

ПРИЈАТНО КАТЧЕ ЗА ОДМОР НА СТУДЕНТИТЕ

## НИЕ ДВАЈЦАТА (МОНОЛОГ)

Ние двајцата
водевме дијалог
затворавме кругови околу нас
Ти и Јас
обајцата далечни
како вода и земја
зошто никогаш се немавме видено
и секогаш си гледавме во петиците

Си бевме соговорници
Ние двајцата тајно
(и секогаш во ноќна расположба)
шумно шепотевме
за да ги разбудиме
тајните делчиња на природата

Ние двајцата
сакавме да им се обратиме
на дрвјата и пустинските ружи
да им посакаме зачини
за да си ја зачиниме душата
сон да не´ фати
нас алките што не не´врзуваа
што самите си ги кршевме чевлите
и боси газевме
за да не не´ чујат
како потпевнуваме меѓусебе во одот

Ние двајцата
ако се разделиме
колку што сме далеку
толку лесно ќе умираме
ќе се парчиме
парчињата
жарчињата
пламенчињата

Ние обајцата среќни
понесени

Ние двајцата
прикриени и успиени
да не забележиме кога ќе не´
навредат знаменосците

*Скопје 8.10.1997 год.*
*Ивица Антески*

## ЗАРЕМ МЕ ЗАБОРАВИ...

Каде си оваа вечер?
Го нема твојот глас,
Те нема тебе,
Немам ништо.
Ах, судбина ни било.
Се´ ми зема проклетата,
Ниту еднаш не се сврте кон мене.
Па каде си оваа вечер?
Дојди, те посакувам.
Без тебе снемувам воздух
не можам да дишам.
Риба без вода
без тебе сум.
Гора без лисја
Универзум без планети.
Дојди, те посакувам.
Стопли ми го срцето
разубави ми ја ноќта
Па каде и да си вечерва
јас ќе те чекам.
Но знам јас
не ќе дојдеш, ме заборави.
Омаен си од некоја
љубовна игра.
Немам сила
да и´ се спротиставам,
но сепак се надевам.
Па каде си оваа вечер?
Зарем не ќе дојдеш?

*Билјана Анакиева*

## ШТРАК!

Штрак!!!
Ти се заклучуваш
и ти се заградуваш од мене
клучови ти се зборовите
а тие штракаат...
Штрак!!!
се испречува меѓу нас
и очи се исколчуваат
и се превртуваат...
Штрак!!!
не´обзема треска
од многу тескање по затемнети површини
и´ се смеам на твојата коса...
Штрак!!!
алуминиумски клучови
а просторот е бравата
а јас сум катанецот
а ти си синџирот
а ветрот е решетката
а сонот е мрежата...
Штрак!!!
по се´
повторно се враќа...
Штрак!!!
во движење сум фатен...
Штрак!!!

*Гостивар 21.5.1997*
*Ивица Антески*

# ЧЕТИРИТЕ ВОЛШЕБНИ ЗБОРА

Дали сте се запрашале колку пати ви се случило во продавница, во ресторан, во лифт, автобус или на било кое друго месо да ве послужат, да ви ја дадат купената стока, да ви вратат кусур и да не ви кажат *Повелете*, а уште помалку *Благодарам*? Во претходно спомнатото може да се препознаат многу луѓе. Од почеток, тоа на сите нас ни пречи, но понатаму сето тоа станува навика, секојдневие, иако сме свесни дека во оваа меѓучовечка комуникација нешто недостига. *Повелете, Молам, Благодарам* и *Извинете* се четири мали, но важни зборови кои за жал некогаш малку вредат, но секогаш се покажале корисни во секоја прилика и неприлика.

Ако се подава нешто на друго лице, без оглед дали се работи за некој предмет, книга, молив, потребно е тоа дејство да биде проследено со *Повелете*. *Повелете* се употребува и кога некој, од почитување или куртоазија, го пуштате пред себе, му давате предност или му ја отварате вратата да влезе или да излезе од собата, лифтот или автомобилот. Во сите овие прилики овој збор го употребуваат и професорите спрема учениците, студентите, родителите спрема децата, децата спрема врсниците и спрема постарите лица и.т.н.





Употребата на било кој од овие мали, но големи зборови во меѓучовечките односи наведуваат на користење и на останатите три. Но, вие треба да кажете *Благодарам* без оглед дали другото лице ќе ви каже или не *Повелете*, а на секое *Благодарам* вие морате да возвратите со *Молам*. *Молам* можете да го употребите и кога не сте го слушнале туѓото прашање или кога некој ќе ве повика. Слободно исправете ги сите оние кои што наместо *Молам* употребуваат *Што*, *А* и слично.

*Извинете* се употребува кога некој ќе ве прекине во разговорот, во работатата, ќе ве турне... Наместо *Извинете* често се употребува *Пардон*, збор кој има француско потекло, но во секој случај кажува многу повеќе отколку во дадената ситуација ништо да не се каже.

*Повелете, Молам, Благодарам, Извинете* се четири мали, но со своето значење големи зборови.

*Елена Банова*

# Слобода за едукација или едукација за слобода

Се´ до 1992-та, нашето човекување беше еден лист историја скинат од нечиј бирократски тефтер. Изгрејсонцето на новата економско-политичка трансформација ја осветли законитоста како раритет или корупција, сеедно, завладеа новиот систем на демократичност.

Историската дистинкција го занемари едукациониот фактор за минимално зголемен интерес да се промени нешто. Потоа се случи тоа што мораше да се случи. Плурализмот како погодно тло - крвен агар, и´ послужи на елитата во транзиција да го засади вирусот наречен "слободи и права на единката". Истата таа единка која претставува темел на секое општество, без особено залагање кон сопствениот идентитет, се издига до статус на асоцијална и без вредност за колективот или социјализирана и униформирана.

Корупцијата е рак, сите елементи - индивидуи во едно т.н. општество се заразени, само некои се метастазирани а други се со бениген карактер. Општеството не е воопштено и не репрезентира правда, но со една огромна метастаза од дупки во законот.

Смислата да биде лајт-мотив налага во секој да буди кивавица од површински затнатите синуси на државата. Пост-социјализмот не´ остави болни од амбиции и незрели политички очекувања. Беззаконие, олицетворено преку навидум, совршени закони и норми од новата документирана "благосостојба" и бизнис-благосостојба. Интегралниот однос кон правото, сепак, е резулат на философско-научните пристапи од минатото, нивното транспонирање во денешното општо право и



финалниот продукт, наречен граѓански права и обврски (граѓанско општество). Без желба да навлезе и да се сосредоточи со реалните проблеми од минатото (и сегашни), Homo Consumens-от ("веќе осакатен од економската зависност" - Маркс) бара културна слобода во легалниот однос кон системот создаден од законодавни кодекси, примарни, секундарно-правни и т.н. Значи, бесполезно е единката да алудира на интегрираните државни органи бидејќи тие се системот, а нејзината индивидуална духовно-културна слобода е несомнено само идеал.

После месијанското доба, Западниот хуманизам, денешниот интелектуален состав бара излез во бегство кон недоминација и неотуѓеност. Духот за универзалност и заеднички јазик, според Е. Фром, е самиот модел на човекот и неговата природа, т.е. континуитет на христијанскиот дух на Фоербах, разоткриен како антропологија ("За непослушноста" - Е. Фром). "Идејата за Христос е врвна вредност, премин кој Просветителството и Ренесансата преку римско-грчката и христијано-јудејската хуманистичка традиција да се стави акцентот на комплетниот човек и неговиот развој" - Е. Фром.

Значи, основата на сите "вратени случаи" е порака за во иднина (пример "Заробениот ум" - Ч. Милош). Сите единки се жртви на системот и на неговите политички скрупули. За да не станеме "уметници во распад", да се сеќаваме на невидливите разлики од минатото и да не заличиме на Џорџ Орвеловите јунаци: "Четири нозе - добро, две нозе - лошо", треба очигледно да го смениме образецот на позајмување правила и манири и да се бориме за обликотворноста и политичката автономија на секој сегмент од науката како резултат на поларизацијата на односите меѓу политиката и културата и нивното мешање. Значи, ослободување на "политиката од културата" и дозвола за човекување.

Најголемата иронија и прашалник е во тоа, дали централната база на културата треба да формира културен кодекс кој политички ќе биде изгласан и ќе им даде слобода на желните за едукација, а едуцираните да ги ослободи од стегите и да ги остави по страна? Магнетот има два пола, дали средиштето има доволно простор да ги собере сите културно-самостојни индивидуи?

*Гоце Марков - Елиот*

# ТАИНСТВЕНИТЕ КАРТИ ОД МИНАТОТО

Ѕвездите се многу помали од Земјата и се вртат околу неа. Месечината свети со сопствена светлина. Земјата е огромна плоча и само на големи наивци може да им падне на ум да тргнат на пат околу неа... Овие реченици не се стари теории или верувања на примитивни племиња, туку "вистините" на Друштвото за истражување на сплоштеноста на Земјата, основано во 1800 година и се уште активно во Ланчестер (Калифорнија).

Овие неколку реченици се доказ дека и денеска изгледот на нашата планета не престанува да биде предмет на расправа. Иако технологијата на денешниот човек дозволува и испитување од вселената, фотографирање и мерење на сите параметри, мистериите околу изгледот на Земјата остануваат.

Факт е дека географските карти настанале во Европа, па не треба да зачудува дека Стариот континент го зазема почесното централно место на сите географски карти. Но, што би се случило кога би пронашле карта, постара и од најстарите, со сосема поинаква точка на гледање? Веројатно би заклучиле дека некоја напредна цивилизација била развиена на местото кое претставува центар на картата.

Што би се случило, меѓутоа, кога картата што сте ја пронашле би прикажувала теории, кои барем според историјата, никој тогаш не можел да ги познава. Би настанале најфантастични претпоставки, кои најверојатно не би и одговарале на вистината. Меѓутоа, ваквите карти постојат. Во книгата на професор Чарлс Хепгуд, историчар на универзитетот во Њу Хемпшир, "Мапите на древните морски кралеви - доказ за развиената цивилизација во леденото време" објавена во 1966 година, репродуцирани се десетина вакви карти.



Уште во средниот век кружеле легенди за географските карти кои некои морепловци љубоморно ги чувале. Овие карти содржеле детални описи на "непознати земји", а се верува дека и Кристофер Колумбо поседувал една ваква, која му го овозможила неговото најпознато патување. Мапите се пренесувани од татко на син, педантно препишувани од генерација на генерација и исто така грижливо чувани. Се верува дека првобитните карти потекнуваат од најпознатата библиотека на античкиот свет - онаа во Александрија.

Една од најпознатите мапи, а можеби и најпозната е картата на Пири Реис, турски морепловец познат од гусарските војни кои ги воделе муслиманските бојни бродови од XVI век низ целиот Медитеран. Бахрие Реис Пири ибн Мехмет (познат како Пири Реис) бил и картограф и автор на прирачникот за пловидба "Бахаии", кој со голема прецизност ги опишувал заливите, теснеците, бреговите и пристаништата на Медитеранот. Во својата книга Пири Реис тврди дека направил две значајни карти на Светот, врз основа на разни карти од тоа време, од кои некои се сосема непознати. Една од нив, настаната веројатно во 1513 година, е картата од истамбулскиот музеј Топкапи.

Во 1956 година, еден од најголемите стручњаци за старата светска картографија, Арлингтон Х. Ма-

лери, добил репродукција на карта која му ја испратила турската влада, а која претставувала делови од светот кои во моментот на настанувањето на картата се´ уште не биле испитани.

Приказната за картата почнува на 9 ноември 1929 година, кога директорот на истамбулскиот музеј Топкапи, при инвентирањето на музејските експонати, го пронашол документот за кој се верувало дека неповратно исчезнал: тоа бил фрагмент на карта, насликан на најфина кожа од газела, која го претставувала Атлантикот со сите околни земји. Нацртана во боја и обогатена со бројни минијатури на градови, владетели и животни типични за прикажаните области, картата претставува единствен документ. Симболиката е сосема вообичаена за тоа време. Меѓутоа, со проучувањето на јужноамериканската област наидуваме на неверојатни детали: покрај цртежот на ламата, која тогашниот западен свет не ја познавал, на картата се претставени и Андите, кои дотогаш никој ги немал истражено; утоката на реката Амазон е претставена со островот Марехо, кој е откриен дури во 1543 година.

Малери компјутерски ја анализирал чудната проекција на турскиот картограф, која се состои од оплескани и наредени рамнини, како авторот да имал на располагање серија од карти засновани на сферична тригонометрија. Рамката на меридијалниот дел на Јужна Америка претставувала дел од Антарктикот и тоа делот познат како Земја на кралицата Мод. Меѓутоа, не станува збор за Антарктикот како што би го виделе денес, туку за Антарктикот без ледената покривка стара 10.000 години. Контурите на Антарктикот делумно се исцртани дури во нашиот век, со помош на најсовршени инструменти. Паулс и Бержие, автори на книгата "Утро на волшебниците" споредувајќи со мапата некои сате-



литски фотографии, сметаат дека е прекопирана од снимки направени од вселенско летало. На картата, освен горе споменатите делови од Антарктикот, односно бреговите на овие континенти, јасно се гледа и западниот врв на Африка, кој е изработен со истата неверојатна прецизност.

Уште една мапа на која е претставен Антарктикот го привлекува вниманието на научниците. Тоа е мапата на која Др.Вајтхаупт ги базира своите теории за откривањето на Антарктикот, мапата на Оронтиус Финеус од 1513 година. Во врска со неа треба да се разгледаат и мапите на светот на Герхард Меркатор од 1538 година и мапата на двете Америки на Птоломеус Базиле од 1540 година.

Чарлс Хепгуд претпоставува дека и мапата на Оронтиус Финеус го прикажува брегот на Антарктик како што би изгледал да не постои ледената капа која го покрива континентот. Вајхаупт смета дека мапата на Оронтиус Финеус и онаа на Меркатор според својата сличност сугерираат дека човекот го познавал овој континент многу пред неговото вистинско откривање. Веќе во XVI век, т.е. на тогашните карти, стануваат видливи границите на јужниот континент, или барем на оној, кој сега како Антарктик се наоѓа во средиштето на јужниот пол.

На што се должи ваквата прецизност? Др.Вајхаупт смета дека медитеранските морепловци од бронзеното време, кои тргувале покрај источниот и западниот дел од Африка, не стигнале само овде, туку и дека продолжиле натаму. Да го споменеме само најпознатото поморско патување во антиката, она на Феничанецот Анон, кој по наредба на фараонот Нехао (V век п.н.е.) тргнал покрај брегот на Африка со цел да го истражи.

Вајхаупт смета дека од периодот на Анон, па некаде околу 9000 години наназад, кога светот бил многу потопол отколку денеска, како и во последните милион години со исклучок на двете ледени доба, луѓето веројатно стигнале многу појужно отколку што денеска сметаме дека е можно. Веројатно, ледената капа на Антарктикот била помала и дозволувала да се навлезе подлабоко и да се испита овој континент. Иако Вајхаупт смета дека старите картографи го познавале Антарктикот, тој не е во можност да укаже на изворот на нивните информации. Дури и грубо одбележување на толку голем континент барало познавање на навигацијата и геометријата, кои биле далеку од можностите на тогашните морепловци.

За крај, да го споменеме и мислењето на швајцарскиот хотелиер Ерих фон Деникен. Во својата книга "Кочии на боговите" Деникен смета дека мапите се направени врз основа на посматрање од воздух и дека мапите на Оронтиус Финеус и Пири Реис, како и некои други антички карти се дело на вонземјанска цивилизација. Меѓутоа, Деникен многу често ги користи вонземјаните како објаснување, па сметам дека оваа теорија треба да се прими со доза на резерва.

*Миланчо Миленкоски*

# ЦРТЕЖИТЕ ВО ДОЛИНАТА НАСКА

Висорамнината Наска, која се наоѓа во Перу, претставува едно од најголемите светски чуда на Новиот Свет. Ако ја поминете со автомобил или пеш, личи на било кое безводно пустинско место во било кој дел од светот. Доколку пак, летате над него на висина од неколку стотини метри, ќе откриете низа цртежи, огромни слики на животни кои кога ги гледате од земјата, личат на напуштени патеки или на природни вдлабнатини. Можеби затоа најколосалното уметничко дело на нашата планета е откриено дури неодамна.

Во далечната 1927 година членовите на една перуанска истражувачка екипа вршеле испитувања од воздух. Нивното изненадување било огромно кога во пустата долина Наска, голема околу 500 квадратни километри, здогледале цела "зоолошка градина". Овде се наоѓале цртежи на огромен пајак, пикафлор, мајмун, колибри и уште десетици претставници на животинскиот свет. Таа, 1927 година, светот доби уште една енигма, која го преокупира вниманието на истражувачите кои се обидуваат правилно да ја протолкуваат.

Дваесет години подоцна, во 1939 година, во долината Наска пристигнал Пол Косок, првиот човек кој ќе се зафати посериозно со проблемот на цртежите. Овој професор од институтот во Лонг Ајленд вршел систематски испитувања во долината се до својата смрт во 1959 година. Кога на 22 јуни едната од воените години овој професор го видел сонцето на крајот од едната линија, дошол на помисла дека го добил решението на проблемот. Косок сметал дека долината Наска претставува најголема "астрономска книга" на светот. 22 јуни на јужната полутоппка ја претставува зимската краткодневница (солстициум). Веднаш по војната, на професор Косок му се придружила и Марија Рајхе, германски истражувач и поборник на теоријата на праисториска астрономија.

Косок и Рајхе поминале многу години во чистење на теренот и откривање нови цртежи. Марија Рајхе своите истражувања ги опишала во книгата "Мистерија во пустината". Според неа, вртежите во долината претставувале огромен календар.



Своите тврдења Марија Рајхе ги поткрепила со други наоди, предмети од ковано злато, волнени изработки, глинени садови и сл. Овие наоди, како и деловите од коноп, дупки со траги од оган и цврсти ткаенини, навеле еден американски бизнисмен на неверојатна хипотеза. Бизнисменот Џим Вудмен, посматрајќи ги цртежите од кои некои се долги и по 1000 метри, дошол до заклучок дека старите жители на долината ја познавале вештината на летање. За таа цел тие се користеле со примитивни балони исполнети со топол воздух.

За да го докаже тоа што го тврди, Џим Вудмен заедно со англискиот првак во летање со балон Џулијан Нот, во 1975 година направил необичен експеримент. Тие го направиле балонот "Кондор 1", наводно идентичен со праисториските примери. Со тоа, можеби докажале дека жителите на Наска летале пред тоа да го сторат браќата Монголфјер во 1783 година, но не го објасниле потеклото, и што е уште поважно, намената на линиите од долината Наска.

Проверувајќи ја претпоставката на Марија Рајхе за џиновскиот календар, Џералд Хокинз ги внел во компјутер сите расположиви податоци за арабеските од Наска. Пресметките покажале дека помеѓу правецот на протегањето на линиите и фигурите и астрономските феномени нема никаква позначајна врска.

Швајцарскиот хотелиер Ерих фон Деникен во својата книга "Сеќавања на иднината" изнесува свое мислење за цртежите во Наска. Тој смета дека овие цртежи претставуваат патокази и писти за космичките бродови. Неговите критичари не се согласуваат со ваквото мислење, сметајќи дека космичките бродови полетуваат и слетуваат вертикално, па немаат потреба од полетно-слетни писти. И тлото во долината е премногу меко за овде да може безбедно да се слета, а и бројни цртежи се насочени кон падините на ридовите, што би била огромна опасност за секој вид летало, кое би се обидело да слета овде.

И познатиот писател на научна фантастика Артур Кларк има свое мислење за цртежите во Наска. Тој смета дека лините претставуваат обид да се остави белег за постоењето на еден народ, белег кој ќе биде видлив за боговите кои го населуваат небото. Во поредокот на ѕве-



*Белиот коњ од Вестбери*

здите старите жители на Наска виделе небесни слики кои ги репродуцирале на тлото - за боговите да се уверат во нивното почитување.

Еден друг научник во линиите кај Наска нашол навистина вознемирувачки податок, кој е тесно поврзан со атомската физика. Според него, овие цртежи потсетуваат на карамболите кои ги формираат електроните кога во некоја комора ќе бидат бомбардирани со други честички на елементи со голема брзина. Ако тоа е така, ова откритие укажува на фактот дека народот на Наска ја познавал атомската физика. Дали тоа значи дека пред неколку илјади години населението на долината Наска располагало со атомско оружје? Големо прашање кое наведува на посериозно размислување.

Долината на Наска не е единственото место кое го надлетуваат археолозите и луѓето чија цел се џиновските арабески. Четири години по историскиот лет со "праисторискиот балон" Џим Вудмен отпатувал 1370 км на југ, да ги погледне цртежите од пустината Атакама. Попатно, на брегот на Пацификот, ги разгледал ликовите на воините кои се високи 90 метри. Овде видел и други геоглифи (цртежи добиени со сложување на камења). На падините на Осамената планина во Атакама, Вудмен пронашол неколку ликови од кои еден бил долг 120 метри. "Џинот од Атакама", како што популарно се нарекува, на главата носи круна, а раката му е претставена како врв од стрела. Стручњаците претпоставуваат дека цртежите од Наска и оние од Атакама ги изработила иста култура.

Во 1932 година цивилниот пилот Џорџ Палмер открил голем лик на човек по долината на реката Колорадо, во близина на Блајт. Овој цртеж е многу сличен на претходните и е висок само 30 метри.

И во провинцијата Манитоба во Канада се наоѓаат огромни контури на желки, бизони, змии и луѓе, кои се заобиколени со камења. Се претпоставува дека се работи за дело на индијанското племе Чипева. И овие цртежи останаа до денес необјаснети.

Ваквите "хумки" со цртежи ги има на просторот од Канада до Мексико. Најверојатно служеле како масовни гробници, или што е многу поинтересно, како платформи за обреди. Сепак, тие не ни помагаат да ги објасниме горе споменатите цртежи. Овие цртежи се околу пет стотини на број и се настанати некаде во почетокот на новата ера.

И во Јужна Англија, област покриена со тревни површини, се среќаваат на десеттина цртежи слични со претходните. До денес се зачувани само три: "Белиот коњ" кај Афингтон, "Џинот од Дорнсет" кај Серн Абас и "Високиот човек" од Вилмингтон.

"Белиот коњ" е многу сличен на претставите на келтските монети, стари околу 2000 години. "Џинот од Дорсет" е наречен уште и "непристоен" и е голем 55 метри. Покрај огромниот стап долг 37 метри, "авторите" му го нацртале и атрибутот на машкоста, долг 9 метри. Подоцнежните уметници се обиделе да го избришат ова обележје. Англискиот археолог Стјуарт Пигот го поврзал "Џинот" со култот на Херкул, кој во вториот век од новата ера се проширил во Британија. Бидејќи овде се присутни бројни праисториски артефакти, некои археолози овие ликови ги сместуваат во праисториската епоха.

"Високиот човек" од Вилмингтон сосема сигурно потекнува од праисториската епоха. Многу научници во неговиот лик гледаат некое божество, и како можности ги нудат: Аполон, Хермес, Балдур, Вотан, Тор, Варун, Мухамед, апостол Павле и други.

И покрај освртите кон цртежите од другите делови на светот, цртежите од долината Наска се уште остануваат необјаснети. Се нудат многу решенија, секое пофантастично од другото, но сепак, не се доаѓа до суштината на проблемот. Работата што ја почнале Пол Косок и Марија Рајхе и денес останува незавршена. Цртежите во Наска и во другите делови на светот остануваат да бидат неми сведоци на едно време, време кое ќе ја каже својата приказна тогаш, кога човекот ќе биде подготвен да ја слушне. Засега, огромните цртежи ги чуваат сите свои тајни.

*Миланчо Миленкоски*

# ГРАД РАЗУРНАТ КАКО ХИРОШИМА

Дали 3500 години пред наша та ера постоела атомска бомба, која го уништила Мохенџо Даро, град во денешен Пакистан, чија цивилизација била на највисок степен на развој? Страшната експлозија на "бомбата" развила таква топлина, која ги топела камените ѕидови и спржила се´ што било живо...

Градот Мохенџо Даро бил многу богат. Неговите трговци тргувале со керамика, слонова коска, дрво и памук. На булеварите широки 14 метри фризерите внимателно им ги обликувале брадите на мажите. Нивните жени се освежувале во базени со големина 12x7 метри. Амбарите им биле полни со жито. Секоја куќа била приклучена на централниот водовод. Било вистинско задоволство да се живее пред 3500 години п.н.е. на брегот на реката Инд, во градот Мохенџо Даро. Меѓу жителите владеела демократија. Сите биле рамноправни до крајот на животот.

А тогаш, со сета сила на нив се срушила "Огнена бура". Како можело тоа да се случи, не влегувајќи во причината и поводот, долго било мистерија за цел свет. Дури во поново време група истражувачи успеала да се приближат до решението на оваа мистерија.

Во големиот индиски еп Mahabharata огнената стихија во Мохенџо Даро се опишува на следниот начин: "Беше како елементите да се придвижија. Сонцето се вртеше во круг. Водата испаруваше. Во поширокиот круг мртвите слонови паѓаа на земјата. Труповите на соборените луѓе биле изгорени од страшната топлина".

Според тогашното верување се сметало дека е збор за некое "Божјо оружје". Светските археолози се зафатија со работа. Таму каде што бил некогаш центарот на градот пронашле траги од гигантска експлозија на некоја страшна бомба. Развојот на топлината мора да бил енормно голем за да можеле камените ѕидови да се топат. Такво нешто, како што мислеле научниците, можело да се спореди само со атомската бомба во Хирошима фрлена во 1945 година.



Колку неверојатно да звучи оваа приказна за постоењето на некое праисториско оружје, професорот Агрест и неговиот тим нашле непобитни докази. Во полето каде што се урушевините на градот Мохенџо Даро тие измериле, како што е соопштено во 1989 година, шест пати поголема радијација од нормалната. Во центарот, каде што се смета дека паднала оваа страшна бомба, Гајгеровиот бројач покажувал дека радијацијата е поголема дури осум пати од нормалната.

Меѓу остатоците на старите рушевини јасно е утврдено дека разурнувањето се ширело од јадрото на експлозијата во бранови, како во Хирошима. Ако во 3500 година п.н.е. постоела атомска бомба, како можела да биде употребена? Професорот д-р Dileep Kumar Kanjilal од Универзитетот во Калкута во старите записи пронашол опис на оружјето и летечките тела. Нив ги нарекувале Vinamas, во превод тоа значи "Нешто што го пресекува небото и се движи како птица". Некои од тие тела, според зборовите на оние кои имале увид во овие забелешки, изгледале како ракети, имале облик на "семенки од жито". Некои биле триаголни или имале три тркала. Другите биле големи како Боинг 737. Некои од Vinamas летале многу споро или можеле да стојат ноќе во место "како светилка на небо". Други биле "побрзи од мислите".

Во старите индиски записи, исто така се зборува за таинствените летечки направи и "страшното оружје"! Моќниците со нив се služеле во "Златното време кога луѓето комуницирале со боговите".

Веројатно имале и пилоти за своите бомбардери. Д-р J. Oppenheimer знае за еден таков борбен авион. Тој го водел Manhattan проектот, кој Американците го покренаа за развој на атомската бомба. Кога на 16 јули 1945 година во пустината Ново Мексико, по првата пробна експлозија се дигнала атомска печурка во небото, д-р Опенхајмер го прочитал делот Dronaparvata од индискиот народен еп. Еве што се кажува тука.

Пилотот Drona во својата Vinami се слави како херој, а неговата цел на нападот можел да биде и градот Мохенџо Даро. "Тој фрлил молња на градот. Го испалил проектилот кој во себе ја криел силата на сонцето. Градот почнал да гори, во висина се дигнал огромен столб на чад, а огнот блескал како наместо едно сонце да има над илјада!"

Добри 900 години пред Христовото раѓање, кога Соломон бил крал на Израел и Евреите, бил мудрец и веќе тогаш рекол: "Нема ништо ново под сонцето!"

*Игор Ѓорески*

# ВО ШТО Е УБАВИНАТА НА ОЗБОРУВАЊЕТО?

Озборување. Во извесна мера тоа е дел на човековата природа и дури може да ви помогне во напредувањето во работата. Доколку не сте вклучени во овие озборувања, може да ви се случи да останете без "важни" информации за вашиот пријател-пријателка. Некои антрополози кои што се занимаваат со овие појави сметаат дека озборувањето може да има важна цел, а тоа е креирање на многу сложена општествена мрежа. Озборувањето на колегите во слободно време може да допринесе до чувство на поврзаност. Сепак, преголемата вплетканост во "трачевите" посебно ако се злонамерни или и самите сте нивна цел, може да влијае вашата кариера да тргне во несакан правец. Но сепак, постојат начини како да се воздржиме од озборувањето:

1. Никогаш немојте да ја изгубите довербата - ако нешто ви е кажано во доверба, немојте таа информација да ја искористите, дури и ако сте сигурни дека со тоа ќе добиете унапредување, углед и.т.н. Ако такво нешто се прочуе тогаш вашата репутација ќе биде загрозена.

2. Никогаш не започнувајте со озборување. Не дозволувајте трачевите кои што можат да ја загрозат туѓата репутација да тргнат од вас. Луѓето ќе станат сомничави во погледот на тоа што сте во состојба да ги откриете за другите.

3. Директно спротиставете се на озборувањето за себе. Пронајдете ја личноста од која што гласините тргнале и отворено барајте објаснение. Вашиот тон не мора да биде обвинувачки и лут, но сепак, сочекајте да го слушнете објаснувањето и отворено кажете дека нема да толерирате за вас да се шират секакви гласини.



4. Поставете строги граници. Избегнувајте да давате информации на луѓето во кои немате доверба. Тие се во состојба вашите неодредени одговори да ги протолкуваат на свој начин и пренесат на кого што тие сакаат. Затоа е потребно секогаш да имате подготвен одговор за луѓето на кои што не смеете да им се доверите. "Добро" е вистинскиот збор.

5. Бидете дискретни со приватните работи. Со соработниците и пријателите со кои што сте повеќе време и обострано сте искрени, можете нешто да им кажете, но бидете внимателни со луѓето кои што не ги знаете. Секој збор може да прерасне во нешто непријатно и непожелно.

6. Спречете го ширењето на неубавите озборувања за другите. Ако сте слушнале нешто лошо за вашиот соработник или пријател, а тоа не е вистина, така и кажете. Бранејќи ги другите од злонамерни гласини ќе стекнете репутација на лојална и доверлива личност.

7. Никогаш не озборувајте ги потчинетите, бидејќи не се знае до каде тие ќе напредуваат некој ден.

8. Великодушно пофалувајте ги другите свои колеги, фалете ги не само во нивно присуство туку и кога ги нема во ваша близина. Ширејќи ги позитивните гласини за другите вие стекнувате углед и лојалност помеѓу вашите колеги и познаници. Никогаш не се знае како тие колеги, пријатели или соработници ќе ви возвратат.

*Катерина Миниќ - Јонческа*

(2)

# ДРОГАТА

## - ПРОБЛЕМ НА ЛИЧНОСТА НО И НА ОПШТЕСТВОТО

Наркоманијата како болест во современото општество не е повеќе несреќен индивидуален случај, туку социо-патолошка појава и еден вид отуѓување на младиот човек од општествената заедница во која не успеал да го најде "своето место под сонцето".



Наркоманијата е криза на модерното општество; криза која го предупредува општеството да ги измени досегашните ставови спрема егзистенцијалните потреби на младите; криза која сериозно го нарушува здравјето на голем број млади луѓе во најосетливата фаза од нивниот индивидуален развој и од нив создава трајни инвалиди.

Интересот за дрогата во светот и кај нас е во постојан пораст, односно бројот на уживателите на дрогата секојдневно расте.

Масовната злоупотреба на дрогата во нашата земја запчнува од 1960-тите години од овој век. Во почетокот индивидуално - проблем на личноста, а подоцна масовно - проблем на општеството.

Првите преносители на дрога кај нас се децата на нашите иселеници во странство, кои по враќањето зборуваат за своите искуства со дрогата.

Првата дрога која почнала да се користи е прелудин - средство против апетит во лечење на дебелината, која во тоа време не е означена како дрога и слободно можело да се купува во аптеките. Прелудинот како прва дрога станува многу популарен кај младите, затоа што по неговото примање чувствуваат како да лебдат, послободни се во комуникацијата, постојано се во движење и ништо не им е необично. Набргу прелудинот е заменет со центедрин - дрога со психостимулативни својства, но со појако дејство. Дрогата, исто како и прелудинот, можела слободно да се купува во аптека, така да немало никакви проблеми со власта.

Во 1966 година се појавува нова дрога, многу малку позната дотогаш како хашиш. За неполна година од Турција пристигнува опиумот, а истовремено се произведува домашен опиум кај нас, во Македонија. Во почетокот опиумот се зема со "фикс" (Инјекција) нередовно и во количини што не се доволни да предизвикаат зависност. Истата година почнуваат и кражбите во аптеките за морфин, кодеин, опталидон, барбитурат и т.н.

Со наркоманијата во почетокот одат задолжителните реквизити: рок музика, хипи идеи, специфичен начин на облекување, долга коса, нов начин на живот и негирање на сите општествени обврски. Хипи движењето е посебно прифатено затоа што прокламир мир, ненасилство, слобода на сексуалните односи и дрога; со дим од хашиш побожно се слуша музика од Боб Дилан, Џими Хендрикс, Џенис Џоплин. Голем број на наркомани, посебно врзани за хашишот и халуциногените дроги, заминуваат на Далекиот Исток, во Непал и Индија, во барање на "Светлото од Истокот".

Проблемот на наркоманијата од 1976 година посебно 1978 година, па се´ до денешен ден се´ повеќе се комплицира со појава на две нови зависности, дотогаш непознати во нашата средина. Првата зависност е употребата на лепак, а потоа и хероинот - најубиствената дрога на денешницата. Најтрагично е што лепакот како дрога го користат најмладите од 10-16 години, затоа што е најевтин, лесно се набавува и не е прогласен за дрога. Поголем број остануваат само на лепак, но не е незначителен борјот на младите лица кои поминале на јаки дроги.

Хероинот дал нов печат на наркоманијата во нашата средина и набргу се претставил како "најантисоцијална дрога" која директно се заканува не само на интегритетот на поединците туку го нарушува и неговите релации со семејството и блиската околина.

Со земањето на дрогата неминовно е пропаѓање на психички план на личноста, но загрижувачки е порастот на смртноста; се´ поголем број на дезинтегрирани семејства како и зголемување на криминалот меѓу младите - што бара да се организираат преземат одредени мерки во спречување на наркоманијата.

*Елена Банова*

# Пороци на слабите личности

Детоксикација е ослободување од зависност а тоа е цел на медикаментите. Но тогаш нема проблем. Проблемот станува комплексен оној момент кога човекот повторно ќе посегне по дрога или алкохол, односно кога повторно ќе се врати во оние рамки од кои тој проблем настанал.



Седно е даличовекот ќе умре од едно или друго, кога веќе дошло до умирање. Но не е седно кога ќе почне со благовремено усмерување во правец кој води кон вистински полн живот и желба за живот. Значи, потребно е темелот да се стави на дното, а кровот на врвот, а не обратно, како што се случува со оние личности кои имаат искривена слика за светот. Она што прво го забележуваме кај овие личности е асоцијалноста и потполната свртеност кон себе. Тие се егоцентрични алтруисти, што значи привидно добри, а во стварноста светот го мерат со свој аршин и исклучиво според себе.

Што да се каже за алкохолот и личностите кои го конзумираат?

Ракијата и виното се вистински лек во мали количини. Црното вино е полно со витамини и железо, но алкохоличарот не го гледа така. Не гледа ни на тоа дека алкохолот е штетен. Но станува збор за слаба личност, која носи страв од животот и несигурност, се измолкнуваат од најбаналните проблеми на секојдневноста.

А наркоманите пак го имаат епитетот на најслаби "отфрлени личности". Само личности со исклучиво стабилни и силни психо-физички особини нема да посегнат по алкохол и дрога.

И борбата против наркоманијата треба да започне на мала возраст. Дете се учи од својата втора или трета година во смисла на добро воспитување. Најважно е кај него да се изгради позитивен однос кон животот и околината, значи, една вистинска социјализација. Треба кај детето да се развие разбирање за останатите луѓе, толеранција, храброст и сила да го прифати животот таков каков што е. Неопходно е детето низ воспитувањето да стекне способност да се бори со неволјите и секојдневните препреки. Една слаба оценка во училиште никако не може и не смее да биде знак дека кренало надолу, туку треба да се поправи во склад со своите можности.



Но ова е во несклад со самиот себеси, несфатен од родителите, другарите не го прифаќаат, а училиштето го отфрла.

И пак лекот е - да се промени односот кон животот. Секако, со љубов, разговор, отварање кон светот, рекреација, работа, свртеност кон другите и нивните проблеми. Отколку нешто многу спротивно, штетно, скапо, што може за понатаму да го чини и живот.

Но секако, за тоа не е виновен младиот човек. Тоа е проблем на самото општество. Случај за едно добро граѓанско образование внесувано уште во раните денови на образувањето.

*Лидија Тасева*

# Тој ме сака, само не е свесен за шоа



Ако не ви подарува доволно внимание и љубов, тоа не е поради тоа што не ве сака, напротив, затоа што го сака целиот свет - и поединците и поединките. Кога сето тоа рамномерно ќе се распореди, нормално е да ви припадне мизерен дел. Што ќе правите кога ќе наидете на алтруист? А можеби тоа ви се допаѓа?

Кога ќе престане редовно да ја мие косата и да се тушира пред средбата со вас, причината е секако неговата се поголема љубов и блискост кон вас. Непотребно му е служењето со вештачки средства за разубавување и презентација на неговата персона. Сфатил дека Вие сте една ретка и прекрасна личност, која "не паѓа на амбалажа".

Кога има намера некаде да ве претстави како своја девојка, тоа сигурно е одразот на неговата свесна желба вас и вашите мали слатки тајни да ги сочува само за себе, а можеби и потсвесната желба некој манијак да ве нападне, не знаејќи дека го имате за заштита него, непреминатиот мачо-мен. Тогаш ќе може уште еднаш да ви ја докаже својата љубов преку борба со агресивниот странец.

Ако тврди дека не ве сака и дека со него немате никаква перспектива (значи ли тоа дека тој е бесперспективен?), тоа е затоа што не сака да ги запознаете неговите силни чувства и исплашени од експлозијата на неговата страст - исчезнете.

Ако после подолг период на забавување ве претстави на својата мајка, тоа е сигурен знак дека најпосле сте примени во фамилијата и следното што следи е брачна понуда, штом го реши својот проблем со изразувањето. Грешно би било и да помислите дека тој со тоа не мисли ништо посебно и дека само поедноставно е да ја пушти малку мајка му да верува во конечно најдената среќа на својот син и да престане да го запрашува кога ќе се ожени. Морате да го разберете. Вие само сте наишле на еден алтруист. Колку несреќни жени има на овој свет. Тој им дозволува на што поголем број да бидат со него, додека и нему еден ден не му истече "рокот на траење".

Доколку не ви се јавува неколку дена, а го нема кога вие ќе го повикате, потоа комуницирате главно со мајка му (односно преку неа), не мислете дека не му е грижа за вас. Толку е затекнат со сето тоа што го будите во него, што просто мора малку да здивне, бидејќи и самата помисла на вас му го стопира здивот, а да не говориме за тоа што би се случило кога би го слушнал вашиот глас или би ве видел. А можеби сака вие и неговата мајка поблиску да се запознаете.

Кога вашиот сакан инсистира да останете кај него на спиење, нема теорија дека причина е неговата мрзоволност, бидејќи го мрзи да ве испрати на автобус или да ве однесе до дома. Тој ја поскаува вашата близина и сака да ве слуша како дишете во сон.

Ако во неговата соба пронајдете дел од женски накит или гардероба, нормално е да помислите дека тие ситници ги забравила неговата сестра (ако нема родена, ќе најде некоја).

Ако ве остави и отиде со некоја друга (поглупава и неубава, односно помалку убава од вас), тоа е фаза во неговиот конечен пат кон вас. За месец-два, година или две ќе ја разбере својата грешка (занесеност) и ќе ви се врати со уште поголем жар, само бидете потолерантни.

Доколку вие сте една од илјада која има ретка среќа, под правдата на Господ, со чисто срце и совест и може да каже дека "Тој" не е таков. Можеби ова конкретно не се однесува на вас. Кои се останатите 999 - не знаете.

*Светлана Аранѓеловиќ*

# Шифри на лага

Тој не мора да поцрвени за да ти би знаела дека те "фарба". Постојат многу на прв поглед неважни ситници кои го предаваат оној, кој што не ја зборува вистината.

Кога твоето момче ќе ти каже дека вечер не може да излезе со тебе бидејќи мора да оди на некоја прослава со родителите, дали му веруваш? Како ќе го препознаеш дали те лаже?

Ако не си сигурна како најбезбедно можеш да препознаеш дали некој ја зборува вистината или не, ќе ти помогнам со неколку корисни упатства. Еве на што мораш да обрнеш внимание - на гласот, гестовите, промена на очите, бојата на кожата на лицето, необично смеење.

**Глас**

Внимателно слушај го оној со кого разговараш. Паузата помеѓу зборовите или речениците кои се подолги отколку вообичаено, прикривањето или барање на соодветен израз се најчести сигнали дека не се зборува вистината. Тоа често се случува кога е лажливец, изненаден од прашањето и нема време да смисли добра лага. И висината на гласот, односно неговата промена може да укаже на тоа дека е во прашање лага. Кога е личноста возбудена, а не нормално, неговиот глас е висок.

**Гестови**

Забрзаните и чести гестови кои подразбираат допирање на лицето, чешање, чепкање по ушите и слично, покривање на устата и гризење на устата е секако откривање на лажливец.

**Очи**

Кога е некој вознемирен или уплашен обично повеќе и често замижува и зениците му се шират и образите му се подигнуваат. Тоа им се случува на лажливците.

**Црвенило на образите**

Кога некој ќе поцрвенее најчесто е во прашање срамежливост или непријатност. Но некој може да поцрвенее и заради тоа што поради лагата што ја изговара осеќа срам и вина.

**Необично смеење**

Личноста која што често лаже се обидува со смеење да го замаскира она што го зборува и заради тоа што смеењето не е спонтано од обичното, некако штрчи на лицето или трае кратко или долго отколку нормалното. Психолозите велат дека нашиот автономен нервен систем е задолжен за многу емотивни реакции кои не се поврзани со нашата свесна волја. Ќе речеме дека таквото потење, ситуацијата кога се наежува кожата, црвенеење на образите, забрзување на дишењето и тн. Тоа се шифри за откривање на лагите.

*Мануела Накова*



### УБАВИНА И ЗДРАВ ЖИВОТ

# ПОВАЖНО ОД ШМИНКАЊЕТО



Ни највештото нашминкано лице нема да го има саканиот изглед, ако кожата не е претходно внимателно подготвена. Значи, во постапката за нега на кожата, чија круна е шминкањето, има етапи кои не можат да се преминат. Една од најважните е секако чистењето, со кое се отфрлаат супстанциите штетни по нејзиното здравје.



**Внимателно со сапунот**

Употребата на сапунот како средство за чистење на кожата е оправдано, што се однесува до хигиената, бидејќи негова главна состојка - содата - ги убива бактериите кои ја напаѓаат кожата. Но, ако сапунот редовно се користи, се менува киселоста на кожата што може да предизвика промени во неа. Затоа и не е идеално средство за чистење на така осетлива кожа.

**Препарати за чистење**

Средствата за чистење ги има во облик на крема, гел, пенливи лосиони и млеко. Секој од нив е наменет за одреден тип на кожата и нејзините потреби и при купувањето на истите треба да се води сметка. Најдобро е да се користат препарати за чистење од иста козметичка линија.

**Симнување на шминката...**

...од лицето: средството за чистење треба со рамномерни кружни движења да се впие во кожата на лицето и вратот, а потоа да се отстрани со памук натопен во млака вода.

...од очите: кожата во пределот на окото е многу осетлива и затоа треба нежно да се чисти. Средството треба да се стави на капакот и да се пребрише со памук за сосема да се отстрани маскарата; по нанесување на средството, под долната трепавица треба да се стави памук, да се затвори окото и капакот и трепавиците да се пребришат од внатрешната и надворешната страна.




**Тајни на беспрекорно чистење**

Лицето се чисти наутро и навечер. Навечер се отстранува шминката и нечистотата и така се´ се овозможува на кожата да дише во текот на нокта. Наутро се отстрануваат маснотиите и отпадните материи кои се излачуваат во текот на нокта.

Кружните движења се многу важни, затоа што само така се врзуваат шминката и нечистотијата, односно од кожата се отстранува она што не и´ дозволува да диши.

Неопходно е добро да се исчисти и вратот. Треба да се негува исто како и кожата на лицето.

Сапуните збогатени со масни супстанции можат да се користат само за чистење на отпорна кожа.

Ако сакате да користите природно средство за чистење на кожата на лицет, можете да земете обична маска од бадеми.

*Гордана Атанасова*



*Разговори за модата*

# ХАРТИИ ОД (УМЕТНИЧКА) ВРЕДНОСТ

Пред година дена во Париз, најголемиот светски саем за текстил "Premiere vision", на кој беа прикажани првите визии за модата за пролет и лето ´98, изгледаше како добро снабден пазар. Штандовите прекриени со овошје и зеленчук покажуваа некои нови тенденции - враќање кон здравите, при-



родн материјали. Но не беа овошјето и зеленчукот само инспирација на модните дизајнери наменети за пролет и лето. Беше и хартијата!

Евтина, еколошки чиста, може да се свиткува и да се менува безброј пати, да се гужва, кине, лепи и бои, а секогаш да изгледа поинаку. Хартијата е еден од ретките материјали кој и покрај налетите на новата технологија му нуди на уметникот чувство на потполна слобода. Творец на светот на хартијата е славниот италијански уметник, сега деведесетгодишниот Бруно Мунари. Хартијата не се користи само во ликовната туку и во применетата уметност, поточно за изработка на убави предмети кои можат да се употребуваат - од дизајни на најразлични амбалажи преку украси и мебел, па се´ до облека. Хартијата може да ја замени дури и циглата. Со неа се покриваат подови и ѕидови, се прават прегради проѕирни како стакло,



фотелји и столици од посебен картон.

Денес е предизвик да се обликуваат предмети од хартија кои се убави, евтини, корисни, а можат да се рециклираат и се еколошки. Младите дизајнери можат да прават лампи од кутии за јајца, кревети и перници од хартиени вреќи, а најновиот



хит е библиотека која е поевтина од дрвените или металните, а може да се склопува, па самта куќа станува "полесна".

Хартијата веќе почнаа да ја користат многу познати дизајнери



на облека: Мијаке, Јамамото, Прада, Жил Зандер, Крициjа, Етро... Мијаке во последната колекција направи шапки кои беа од вистинска хартија. Во Кризиината колекција за оваа есен и зима се најдоа фустани припиени за телото, во кој е вткаена хартија, а Жил Зандер за пролет и лето креираше блузи од материјал налик на старински пергамент.

Дали е хартијата за облекување само моментен хир или оваа мода ќе потрае повеќе сезони, ќе видиме. Прашање е колку е практична и трајна, но сигурно е дека модата бара некои нови патишта и дека нема да се откаже од експериментирања. А што се однесува до вас, сепак немојте да ги следите трендовите по секоја цена и немајќи други можности, да паднете во неизвесност и да ја дополните својата гардероба, на пример, со стари весници.

**Твид изненадувања**

Традиционалната волнена ткаенина, најчесто со прскани ефекти, не мора да изгледа секогаш исто - класично и спортски. Креаторите овој пат си поигра со неа со многу фантазија, комбинирајќи ја со други материјали и неочекувани детали.

**Црно како основа**

Модата прифаќа и отфрла разни бои и тонови, но црната ја задржува секогаш давајќи и´ само нови облици. Оваа сезона црната е на телото и спрема тоа, совршена како основа на секоја гардероба во сите прилики.

**Пократко за краткото**

Во правиот напад на екстраваганција и контраст во оваа сезона, микромини ги изненади сите. Фустанчињата кои повеќе личат на блузи одвај ги покриваат колковите, а можат да се комбинираат со класични блејзери од строги кроеви и задолжително со убави и витки нозе.

**Убавината на класиката**

Комбинацијата на пуловер со здолниште или пантолони звучи банално. Ако се во прашање едноставни кроеви и неутрали бои, овие комплети можат да се сместат во било кое време и без оглед на модата, со етикета на вечна елеганција.

Моден хит - чорапи во стил

Чорапите одамна ја надминаа првата намена - да штитат од ладно. Со скратување на здолништето добиваа се´ поголемо естетско значење. Освен што се од најсовршен материјал и плетки, на нив се најдоа и сите можни мотиви, но задолжително во склад со стилот на облеката.

*Гордана Атанасова*



# Топли и ладни напитоци од млеко

Млечните напитоци имаат американско потекло. Најпознати се во хотелите и баровите, но можат да се подготват и дома. Еве неколку рецепти за нивно подготвување:



1. Топло ледено млеко: Во 1/5 л топло млеко се додаваат 2 лажичиња мед, малку рум и коњак. Напитокот го загреваме.

2. Мексикански специјалитет: Во 1/8 л топло млеко се додава 1 лажица рендано чоколадо, 1 лажиче шеќер во прав, пола лажиче кафе в прав и 1-2 мали чашки рум.

3. Топло млеко со цимет: Во 1/4 л топло млеко се додава малку цимет и 1 лажица сируп од лимон.

4. Топло млеко со јагоди: Во 1/4 л топло млеко се додава 1-2 лажици сируп од јагоди и сето тоа се меша.

5. Топло млеко со бадеми: 1/4 л млеко вариме со 1 лажица мелени бадеми и 1 лажица шеќер во прав. Напитокот се процедува и пие.



6. Ескимо напиток: 1/8 л млеко и 125 гр павлака се мати со 1 жолчка. Се додава една ванила и изрендана кора од лимон. Напитокот може да се служи и со коцки лед.

7. Млеко со овошје: 1/4 л млеко го матиме со 2-3 лажици павлака и 125 гр овошна каша (овошјето се пасира и процедува). Се додава изрендана кора од лимон и шеќер по вкус.

8. Пена од лимон: Се мати 1 белка со 250 гр шеќер. Се додава сок од 1 лимон и 1/4 л млеко. Сето тоа внимателно се меша и се случи со лимон исечен на парчиња.

9. Чоколадно млеко со сладолед: Во една чаша се става 1 топче сладолед од чоколадо и ванила, кој се прелива со чоколадно млеко. Се додава изматен шлаг и рендано чоколадо.

*Рената Петељугоска*

*Предлог книга за читање:*

# "ЗА ТЕБЕ ЉУБОВ МОЈА"

## од Жак Превер

**Збор-два за поетот**

Жак Превер (1900-1977) е поет на љубовта и францускиот шарм - најпопуларниот поет на сите времиња. Неговите стихозбирки се печатени и препечатувани во огромен тираж, преведувани на многу јазици и најчитани. Неговите песни ги пееле и рецитирале во цела Франција, особено во Париз, неговиот сакан град за кој има напишано голем број песни. Жак Превер е пример за тоа дека поезијата, за која се мисли дека во наше време ја изгубила својата моќ и некогашниот шарм, може да биде популарна творечка дејност.

Жак Превер работел како воспитувач по разни интернати, а во слободното време живеел боемски живот. Периодот од 1925-1929 година учествувал во активностите на надреалистичката група, но потоа се одделува од неа и тргнува по свој пат. За време на Втората светска војна работел како наставник во една провинциска гимназија, каде пишувал многу песни, кои ги објавил по завршувањето на војната, во збирката "Зборови" со која се прослави. Покрај оваа стихозбирка познати се и: "Спектакли" (1951), "Дождот и убавото време" (1955), "Куп од разни нешта" (1966), "И други работи" (1972) и.т.н. Има напишано и сценарија за неколку познати филмови: "Брегот во магла", "Смешна драма", "Денот се раѓа", "Вечерниот посетител", "Децата на рајот" и.т.н.

Поезијата на Жак Превер е едноставна и разбирлива, зошто е природна со народна лексика и изрази од секојдневниот живот од вистинските, среќни и несреќни, драматични или комични судбини на луѓето. Во центарот на поезијата на Превер е ЉУБОВТА, нејзината магија и моќ, нејзината нежност и жестокост, нејзината вечна привлечност.





Во стихозбирката "За тебе љубов моја" песните се поделени на 4 теми:
1. Пофалба на постелата
2. Нежното и опасно лице на љубовта
3. Под ведро небо
4. Тишината на животот

***

**За тебе љубов моја**

Отидов на пазарот за птици
и купив птици
за тебе
љубов моја
Отидов на пазарот за цвеќе
и купив цвеќе
за тебе
љубов моја
Отидов на пазарот за железо
и купив вериги
тешки окови
за тебе
љубов моја

Отидов на пазарот за робови
и те барав тебе
но не те најдов тебе
љубов моја.

***

**Јас заспивам**

Јас заспивам со очи полни со птици
И сонувам една градина драга
Но штом твоите очи се далеку од моиве
Јас заспивам со очи полни со солзи
И мојот сон се вика: тага

*Е. Б.*

# КЛУЧОТ НА ВАШЕТО СРЦЕ




Од овие понудени осум клучеви одберете еден кој можеби ќе може да ја отвори вратата на твоето срце и - ќе се запознаеш себеси малку подобро.

1. Позади вашата маска на препотентноста се крие една осетлива душа. Најголема желба ви е да ве разберат и прифатат иако тоа често го криете да не бидете повредени.

2. Многу сте природни, спонтани и отворени. На се´ гледате шарено, со полно оптимизам и од најдобар агол. Весели сте и брзо воспоставувате пријателства.

3. До вас е многу тешко да се допре. Затворени сте во свој свет и тешко ги покажувате своите вистински чувства. Ладно резонирате во се´, и никогаш не работите ништо импулсивно.

4. Романтични сте, многу сензибилни и со развиена смисла за естетика. Би тебало по малку да се спуштите на земјата и помалку да летате во својот свет на мечтаење.

5. Вие сте темпераментна личност, уметнички обдарени сте и креативни. Сите ваши идеи се оригинални. Обидете се да го искористите својот талент на вистински нешта.

6. Сложена личност сте. Вашиот темперамент и карактер често влијаат на тоа да се карате со луѓето околу себе. Секогаш сакате да ја покажете и докажете својата волја. Не поднесувате да бидете победени и вашиот збор мора да биде последен.

7. Вие сте многу едноставна и добра личност. Не сакате одговорности, тоа им го препуштате секогаш на другите. Понекогаш сте детинести и романтични. Искреноста ви е дури и мана.

8. Вашиот карактер е многу лут. Реагирате импулсивно не размислувајќи за непријатностите кои им ги приредувате на другите. Во секоја приказна се обидувате да добиете некоја улога. Се мешате во туѓи работи, но во суштина сте широкогради и добри советници.

# ХУМОР

**ЗАРЕМ НЕ ГЛЕДАШ**

Полицаецот сопира тројца момчиња кои се возат на еден велосипед.
Едното од момчињата налутено му вели:
- Што нѐ сопираш, зарем не гледаш дека нема повеќе место!

**ДЕБЕЛИНА**

- Имате ли некое средство за слабеење? - се слуша глас кој доаѓа од влезната врата на аптеката.
- Имаме! - одговара аптекарот.
- Зошто не влезете?
- Не можам!



Кај последниот бакнеж ми ја украде гумата за џвакање ...

**ОБЅИРНОСТ**

Еден велосипедист удира во жена која поминува улица.
- Не можеше ли да заѕвониш? - вели жената.
- Можев, но не сакав да ве исплашам.

**СЕ ПОДРАЗБИРА**

По дождливо време, младата мајка ја турка детската количка по тротоар. Еден тип-шегаџија ѝ приоѓа и погледнбува во количката.
- Но вашето бебе е од пластика?
- Секако, - одговара таа. - Па сигурно не мислите дека по вакво време би го извела вистинското...

# Како големиот "Вечен календар" ги толкува нашите соништа

*Ако сонуваме како на сон печеме месо - на јаве не' очекуваат големи издатоци. Вошки во сонот значат радост, се разбира, додека не се пробудиме. Мрак не е добро да се види ни на сон, зашто во тој случај не' очекува болест и лоши времиња, а ни скапотијата не ветува ништо добро - велат видовитите за нашите потсвесни размислувања*

Секоја книга е добра - тврдат љубителите на пишаниот збор уште од времето на Гутенберг па до денешни дни. Ако таа мисла малку се разработи, книгата би можела да се користи како извор на знаење, разонода, нови видици или - пари. Авторот и издавачот на Големиот вечен календар не зборуваат ништо за пари, но признаваат дека ни нудат домашен забавник. "Со развојот на писмото, со пронаоѓањето на хартијата и печатењето, почнува и пишувањето на првите сновници. Европскиот човек првите пишувани соновници ги добива од народите на Блискиот Исток. Толкувачите на сонови во Германија се појавиле во 1540 година, во Франција 1664 година, кај нас во XIX-XX век. Во најновите соновници освен автомобилите и авионите внесена е дури и атомската бомба".

Како што може да се види и овде доцниме зад Европа повеќе од 200 години, но ни тоа не е ништо, во некои други области доцниме и повеќе. Но да ги видиме тие нови, ововремени оптеретувања додека спиеме и поуките кои треба да не´ вразумат.

*Да се посети банка* - тоа е тага, грижа, штета во работата. Чудо едно е како составувачите толку далекусежно знаеле за инфлацијата и беспарицата.

*Да бидеш болен* - ќе западнеш во долгови и неволји. По се´ изгледа, се мисли на сините коверти и надуваните сметки. Чуден соновник. Не кажува кој и на кого плаќа, без упатства е, но ни денес не се прават точни извештаи, па што?

*Да родиш близнаци* - ти се заканува напаст, неволја. Јасно, и едно дете е вистинска напаст за семејството, а камо ли две: ем скапо, ем бара топла соба, ем може да добие само 120 киловати. Кога малку ќе потпорасне, нема детска храна, соковите се скапи, а облеката и обувките се веќе посебна приказна. Близнаци! Не се пожелни ни во сонот, а камо ли на јаве.

*Да се грижиш во сонот* подразбира безгрижен живот на јаве. Со сигурност може да се тврди дека никој денес нема сметка да сонува грижи - доволно ги има додека е буден.

*Да купуваш путер/маргарин на сон* - помалку троши ако не сакаш да пропаднеш - порачува Вечниот соновник, а наполно е излишно ваквото предупредување, зошто и неговата цена е доволна опомена. Слично е и со месото - *да го печеш на сон* значи ќе се соочиш со големи издатоци. Па се разбира, како да не му веруваш на соновникот кога знаеш дека месечното надминување на квотата на киловатите значи исклучување? Но месото може да се јаде и непечено, пресно, но тогаш те чека болест и смрт. Затоа нема друго освен да преминеш на *камилица* - тука, според сновите, те чека оздравување и подобрување. А *зејтин* никако не смее да ти дојде во сонот, зашто во тој случај те чека болест, губиток, непријатно доживување. *Јадењето маст* во сонот значи болест во куќата. Но не треба да се грижите, тоа сепак може да се случи само на сон.

*Да се сонува буре без дно* - маките ти се залудни! Секојдневно се зборува за финансии, буџет, пари, а за се´ова обично се вика буре без дно. Ако видовниците велат дека напорите за преминување на таа состојба се залудни, тогаш нам навистина не ни се пишува добро.

*Да се имаат вошки на сон* - не е лошо за тој што го сонува, тие се незгодни само во вистинскиот живот. Цели школи се заразени, па што! И *болвите* на сон се пожелни - пророците велат дека околината ќе ве цени. Тие се непријатни во стварноста и воопшто не ви помагаат, но што можете вие тука?! *Да се пие кафе* - за тој што сонува значи оговарање, а *да се вари кафе* - треба да се надева на посета. *Гостите*, според пророците, не се пожелни зашто навестуваат некоја незгода. Бог да те чува, гости на јаве, на денешните скапотилаци.

Ако *на сон држиш говор* - мудреците велат дека ќе успееш својата волја да ја наметнеш и на други и дека ќе добиеш почести. Сигурно станува збор за оние што често држат говори на јаве. Едно до сега не ни беше јасно, дека тие ни во сон не се одмораат.

Толкувачите на сонови велат дека ќе живееш од туѓа пот ако во сонот *направиш долгови*. Тие, до душа, не ги ни предвидуваат незгодните камати и роковите за враќање заради кои работите многу се комплицираат, но оваа работа за туѓата пот ја знаеле, а ние само се обидуваме да се сетиме. Но не оди, мора се´ да се врати.

За сите оние што не ги знаеле ваквите и слични на нив работи, соновникот има порака: *да се трпи немаштијата* - значи дека твојата добрина ќе биде наградена и дека доаѓаат подобри времиња. Не велат бадијала кога ќе дојдат тие времиња. Ако бидеш добар и сонуваш *честитки* - желбите нема да ти се исполнат.

*Билјана Анакиева*

# од 1.04 до 30.04.1998

**Овен**

Почетокот на месецов ќе имате добри односи со пријателите. Би можеле и да учите со нив. Околу 8 треба поумерено да работите. Може да бидете понервозни. Средината на месецот финансиската состојба ви се подобрува. После 23 можна е тајна љубовна врска, но не бидете драматични.

**Бик**

Околу 2 имате можност за напредување или заработка. Треба да имате подобар емотивен став и да давате повеќе љубов. Средината на месецов може да добиете љубов од еден пријател. На 25 ќе бидете преосетливи и склони кон изолација.

**Близнаци**

На 4 избегнувајте конфликти со пријателите. Соработката е важна за вашата позиција во друштвото. Околу 14 треба да бидете способни да се прилагодите на начин на кој другите сакаат да ве видат. Крајот на месецов ќе бидете нервозни и нема да бидете во состојба љубовта без проблеми да ја прифатите.

**Рак**

Почетокот на месецот може да бидете агресивни, бидејќи вашата енергија е зголемена. На 9 ќе ви се јави желба за патување. Концентрацијата за учење ќе ви биде намалена. Околу 13 ќе бидете спремни љубовта да ја давате на особа која не е од вашето место. После 25 ќе бидете спремни на полемички расправи.

**Лав**

До 5 избегнувајте да одите на пат. Ќе бидете љубопитни и полни со ентузијазам. На 9 може да бидете склони кон трошење и погрешно просудување. Подоцна трошоците може да ви ги покријат домашните. Втората половина на месецот ќе бидете промислени и рефлексивни.

**Девица**

Ќе имате добри организирачки способности и популарност во друштвото. Околу 8 вашето расположение ќе биде променливо, зависно од средината. Средината на месецов односите со средината се подобруваат. После тоа ќе ви се јави желба некаде да отпатувате.

**Вага**

Околу 4 ќе сакате се да биде по ваше. Внимавајте да не влезете во конфликт. Може да работите сами, да се изолирате. Имате добра смисла за работите. Крајот на месецов најдобро ќе функционирате тогаш, кога другите ќе ги почитуваат вашите навики.

**Шкорпија**

Вашиот ритам на работа може да им изгледа на другите премногу силен. Внимавајте на здравјето. На 8 ќе очекувате љубовта што ја давате и да ја примите. Околу 15 ќе бдиете незадоволни ако вашите напори не бидат признати. На 27 свртете му го вниманието на вашиот партнер.

**Стрелец**

Почетокот на месецов ќе бидете насочени кон задовоствата. Не земајте пари на заем. Околу 9 светот може да го доживувате како публика. Може да дојде до конфликт во домот. Само во домот може психички да се одморите. Околу 25 за да ја завршите работат што ве очекува треба да бидете одморени.

**Јарец**

На 2 финансиската состојба ви се подобрува. Треба да имате повеќе доверба во партнерот и самоконтрола. На 8 може да бидете претерано зборливи и брзоплети. Средината на месецов може да бидете загрижени за еден од родителите. Околу 27 ќе сакате да патувате.

**Водолија**

Вашиот шарм ќе биде изразен. Околу 4 не заминувајте на пат. На финансиски план може да дојде до брзо трошење на парите. Околу 13 ќе бидете способни од ништо да направите нешто. Крајот на месецов ќе бидете доста внимателни и тактични.

**Риби**

Ќе почувствувате потреба некому да му помогнете во друштвото. Почетокот на месецов може да трошите без никакви ограничувања. Околу 8 треба да заминете некаде во природа. Средината на месецов бавно ќе го постигнете својот успех. Околу 25 ќе имате хармонија во односите со партнерот.

*Астролог:*
*Светлана Аранѓеловиќ*

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | | | | | | | | | | |
| 12 | | | | | | | | | | |
| 13 | | | | | | | | 14 | | |
| 15 | | | | 16 | | | | | 17 | |
| 18 | | | | | 19 | | | | | 20 |
| 21 | | | | | | | 22 | | | |
| 23 | | | | | | | | 24 | | |
| | 25 | | | 26 | | 27 | | | | |
| 28 | | | | | | | | | | |
| 29 | | | | | | | 30 | | | |
|  | | | | 31 | | | | 32 | | |
| | | | | 33 | | | | | 34 | |
| | | | | 35 | | | | | | |
| | | | | 36 | | | | 37 | | |
| | | | | 38 | | | | | | |

## СКАНДИНАВКА

1. Остров во Јапонија
2. Лик од цртаните филмови (фотос)
3. Италијански режисер
4. Јапонска парична единица
5. Речен рибар
6. Наука за топлината
7. Омразеност, непријателство (лат.)
8. Грчка буква
9. Боја за коса
10. Староседелец во Јапонија
11. Жена-хирург
12. Зародишни ливчиња (грч.)
13. Иконописци
14. Меана - свештеник, пцалт
15. Калинка
16. Слатководна риба - холандска телеграфска агенција
17. Уран - дел од шминка
18. Град во Германија
19. Муслимански свештеник - човек кој прорекува според летот на птиците
20. Драмски писатели
21. Советска вселенска програма
22. Чад - река во Лаос
23. Летувалиште во Словенија
24. Своерачно - Светска Здравствена Организација
25. Јапонска мерка за обем - Коле Ангеловски
26. Азот - Велко Неделковски
27. Центар на ротација - летувалиште во Бугарија
28. Протестантско верско учење од XVI век
29. Француски артист Арман
30. Народни игри - дел од школски прибор (мн.)
31. Припадник на староиталско племе
32. Коњ - Израел
33. Пејачката Цетиниќ
34. Последната самогласка - град во Франција
35. Француски филозоф-схоластичар Пјер
36. Одозгора
37. Работна заедница - кислород
38. Група од три еднакви ноти (мн.)

*Автор:*
*Миланчо Миленкоски*

## РЕБУС 4,6



P




*Автор:*
*Миланчо Миленкоски*

*Решение: Доли Партон = до липа р тон*




*Акад. д-р ГЕОРГИ СТАРДЕЛОВ*

## *КЕРУБИНОВОТО ПЛЕМЕ*

**На 11 март 1998 година во македонската Академија на науките и уметностите се одржа промоција на книгата "Kerubin's Tribe" од акад. Георги Старделов во организација на македонската Академија на науките и уметностите и книгоиздателството "Детска радост" при НИП "Нова Македонија".**

**Книгата во превод на англиски јазик на Снежана Нечовска, ја претстави Анте Поповски. Предмет на обработката во студијата "Керубиновото племе" е богатиот и комплексен литературен архипелаг со кој Славко Јаневски партиципира во македонската литературна географија, преку неговиот циклус новели за Куклино.**




*м-р ВЛАДИМИР ЃОРЕСКИ*

## *СИТЕ ВОЈСКИ НА СВЕТОТ*

**Ракописот насловен како "Сите војски на светот" разработува една мошне интересна тема од областа на одбраната која за прв пат од ваков вид може да се сретне во македонската одбрамбена мисла.**

**И покрај тоа што широчината на темата што ја обработува сама по себе имплицира сувопарност и фактографско набројување на податоците, м-р Владимир Ѓорески успева секој презентиран податок да го стави во функција на пред себе поставените цели: се што досега се чинеше недостапно, се што се криеше зад завесата, "државна", "воена" тајна, едноставно, да му го приближи на читателот...**




SIEMENS NIXDORF
QUALIFIED PARTNER

LG GoldStar
GENERAL DISTRIBUTER

EIN•SOF

HARDWARE / SOFTWARE / PUBLISHING
MULTIMEDIA / NETWORKING

VO EKONOMSKI FAKULTET, SKOPJE
TEL./FAX 11 11 23; 11 23 08

DISCOTEQUE
MUSANDRA
GREATEST FUN



Секоја среда: СТУДЕНТСКА ЗАБАВА